## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Сто и дванаесетта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 112-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Рафет Муминовиќ, Ванчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети, Тито Петковски, Абдулади Вејсели Љубчо Георгиевски, Ванчо Стаменков и Лилјана Поповска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

На почетокот сакам да ве известам дека министерот за внатрешни работи Љубомир Михаловски ме извести поради службени обврски не е во можност да присуствува на оваа седница , исто така и неговиот замник. Исто така и од Министерството за животна средина у Министерството за економија сме известени дека и министерот и замeникот на оваа седница неможе да присустуваат поради службени обврски . Така да поставените прашања за овие три министерства ќе се добијат писмени одговори.

Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Илија Китановски.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратеникот Славица Грковска.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Наташа Биковска, Спиро Мавровски, Цветанка Гашовска и Ристо Пејовски.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Кире Гештаковски.

Министерот за економија достави одговори на пратеницчките прашања поставени од пратениците Цветанка Гашовска, Ефтим Манев, Јордан Михајловски и Есад Рахиќ.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Милка Митковска.

Го молам Илија Китановски. . . не е тука.

Го молам пратеникот Славица Грковска да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Молам, од Министерството за обраование и наука дали е дојден претставник. (не е дојден)

Тогаш ќе чекаме да дојде претставник од Министерството за образование и наука.

Од Министерството за здравство исто така немаме претставник.

Објавувам пауза од 15 минути и службите да проверат дали претстасвниците на Владата ќе дојдат, освен од оние од кои што има најавено отсуство.

(Пауза од 11,09 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,34 часот)

**Слободан Најдовски:** Молам пратениците да си седнат на своите места.

Претставник од здравство немаме.

Одговорот за Спиро Мавровски е од здравство немаме претставник.

За госпоѓа Цветанка Гашовска, исто така од Министерството за здравство немаме претставник.

Одговорот за Ристо пејоски е Министерството за здравство, немаме претставник.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Од одговорот не сум задоволен, но бидејќи е застарено прашањето сега мора да се помирам со ова што ми е одговорено. Инаку, во суштина не сум задоволен целосно. Одговорот е пред неколку месеци и немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Пратеникот Ванчо Стаменков не е тука.

Го молам пратеникот Кире Гештакоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Кире Гештакоски.

Повелете господине Гештакоски.

**Кире Гештакоски:** Благодарам господине претседателе.

Од одговорот сум делумно задоволен од причина што повторно децидно не е изнесено дали идната година дефинитивно во Програмата . . .

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине Гештакоски причекајте да се смират сите пратеници за да можам да ве слушам и јас овде што зборувате.

Повелете господине Гештакоски.

**Кире Гештакоски:** Очекував да добијам еден вид на гаранција дека следната година, затоа што оваа е трета, четврта година по ред каде што истото се ветува.

Само едно дополнување на моето претходно излагање.

Експропријацијата од правно гледна точка е завршена 100% пред повеќе години. Платени се износите на оштетените од експропријацијата во 60% пред 15 години и сега имаме состојба 15 години одземени имотите, платени 60%, а уште состојбата е таква. Јас уште еднаш го молам министерството дефинитивно за идната година да влезе Програмата за обиколницата во Програмата на Фондот и Владата да ја одобри. Јас се надевам во тоа и верувам дека така ќе биде. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Значи немаме дополнително прашање.

Од Министерството за економија немаме претставник. Тоа беше по однос на прашањето на госпоѓа Цветанка Гашоска, како и прашањето на господин Ефтим Манев до Министерството за економија, од каде што немаме претставник.

За одговорот на прашањето Јордан Михајловски немаме претставник од Министерството за економија. Исто е и по однос на прашањето на господин Есад Рахиќ.

Процедурално бара збор господинот Жарко Караџоски.Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине потпретседателе и минатата седница и оваа продолжува во исти тек, исти стил.

Јас мислам дека Институцијата пратенички прашања не е за потценување и не смее ваков однос да има Владата. Имаме толку министри, заменици итн, а овде имаме четвртина присутни од Владата кога ние почнуваме седница и да расправаме. Мислам дека навистина е крајно несериозно. Вие предложивте 15 минути пауза, очигледно не помогна. Јас од името на пратеничката група ќе побарам уште половина час пауза за да вие интервенирате како потпретседател, ако не се министрите, барем да бидат присутни тука замениците, или било како за да нема ресори од кои неможеме да слушнеме одговор.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски, јас нема проблем, должен сум да ви дадам пауза од половина час, но вие на почетокот не бевте присутни и јас известив дека писмено сме известени дека денеска нема да имаме претставници од Министерството за внатрешни работи, од Министерството за животна средина и од Министерството за економија. Од останатите . . .

(реакција на некои пратеници од место)

Ако некој сака да каже нешто нека си побара збор.

Од останатите министерства ние не сме известени дека нема да присуствуваат, така да замениците од тие министерства можат да присуствуваат на седницата.

Од она што можам да видам сега немаме претставник од Министерството за здравство, кој што немаат најавено дека ќе отсуствуваат и од Министерството за образование и наука. И да дадеме половина час пауза ние повторно од овие три министерства, од Министерството за внатрешни работи, од Министерството за економија, и од Министерството за животна средина повторно ќе немаме претставници од Владата.

Половина час пауза по барање на пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Продолжуваме со работа во 12,10 часот.

(Пауза од 11,40 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,15 часот)

**Слободан Најдовски:** Ги молам претставниците на Владата да влезат во салата.

Процедурално има збор пратеникот Илија Србиновски.

**Илија Србиновски:** Почитуван потпретседателе, бидејќи пред малку беше побарана пауза 15 минути, потоа се побара 30 минути пауза. Сега гледам дека пак нема претставници од Владата. Затоа подобро ќе биде да ја презакажеме оваа седница за да биде целосно присутна Владата, со оглед што се сериозна институција пратеничките прашања. Затоа предлагам да се одложи оваа седница, и да се презакаже наредна седница пак пратенички прашања.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски со оглед на тоа што баравте процедурална забелешка, врз основа на кој член од Деловникот го барате тоа?

**Илија Србиновски:** На тој член што не е присутна Владата. Владата денес требаше да биде присутна на седницата на пратенички прашања.

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што баравте процедурална забелешка што е деловнички, а со оглед на тоа што во Деловникот не е така како што велите вие, а со оглед на тоа што сега тука имаме најголем број претставници на министерствата, продолжуваме со работа.

Да напоменам дека дел од прашањата ги прескокнавме заради тоа што дел од вашите колеги, пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои имаат поставено прашања, не се присутни овде. И тоа треба да го кажете.

Продолжуваме со работа.

Го молем пратеникот Наташа Биковска.

Наташа Биковска не е тука.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпреседателе.

Пратеничкото прашање беше поставено до министерот за здравство во однос на она што министерот достави како одговор. Само го потврди она што ние го баравме. Значи има

склучено трилатерален договор на 11.06.1998 година помеѓу Фондацијата Сју Рајдер, Министерството за здравство и Медицинскиот центар Битола, при што е договорено и утврдено дека по изградбата на објектот во Битола со вкупната опрема да остане на трајно користење на Медицински центар Битола.

Според вас, овој објект во почетокот на оваа година беше само изграден и не се користеше за договорената цел.

Се поставува прашањето дали Фондацијата т.е. докторката Мира Аџиќ се до оваа година не вложуваше со цел да профункционира хосписот и да се договори со новата власт т.е. со вас за уредување на хосписот во вредност од 160.000 евра што ќе падне и падна на товар на Медицински центар Битола. Потоа се договори технички прием на истиот, некои членови го потпишаа тој записник и дома.

И на крајот, она за што беше и прашањето, овој хоспис, правото на управување и користење се пренесе врз Герентелошкиот завод Скопје.

Објектот, исто така е отворен без едуциран кадар за што сега доаѓаат луѓе кои ги обучуваат кадрите во Битола и мислам дека објектот еднаш е отворен. Во меѓувреме можеше да има и комплетен кадар кој ќе ги извршуваше овие работи. Но, во секој случај, еве сега се наоѓа начин како тоа да функционира.

Мислам дека на еден многу непрактичен начин оввој хоспис кој е изграден во кругот на Медицинскиот центар Битола и кој требаше да биде директно под Медицински центар Битола, сега се наоѓа под Герентолошкиот завод Скопје, за што сигурно и граѓаните на Битола и јас лично како пратеник апсолутно не сум задоволен.

Во однос на второто прашање за поддршката на тимовите од хосписот од Сју Рајдер за палијативна нега во домашни услови, прашањето беше дали и во одговорот кажувате дека болните во терминална фаза, меѓу другото, како досега се лечеа и како ќе работат овие хосписи е додатно прашање до министерот, дали ќе бидат интра или екстра хоспитално или со благослов на министерот и едно и друго. Мислам дека на овој начин ова што беше домашна нега и што во моментот функционира, бидејќи тоа се центри кои добиваат средства и кои на овој начин функционираат, дека домашната нега се става во втор план, а мислам дека како примарна нега треба да биде во прв план и да имаме дообука.

Дополнителното прашање до министерот е дали начинот на кој ќе работи од Герентолошкиот завод Скопје, посебно домот во Скопје кој работи, дали ќе биде интра или екстра хоспитално или и двата начини ќе се применуваат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор заменик министерот за здравство господинот Ќамил Ќамили.

**Ќамил Ќамили:** Мислам дека еднаш имаме одговорено писмено, а ако не се задоволни од тој одговор, дополнително ќе одговориме пак писмено.

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски ќе добиете дополнително писмен одговор.

Го молам пратеникот Цветанка Гашовска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Повелете госпоѓо Гашовска.

**Цветанка Гашовска:** Благодарам господине потпретседателе.

Задоволна сум од одговорот во кој се кажува во членот 17 од Правилникот за остварување на правата од примарна здравствена заштита, каква е постапката за остварување на тоа право, а позадоволна сум од вториот дел на одговорот каде се зборува дека во тек е постапка да се направи промена во членот 17, со што би се овозможило пациентите кои се надвор од своето место на живеење или работење, можат да остварат право од примарна здравствена заштита.

Само би сугерирала до Министерството за здравство промената на членот 17 да се направи што побрзо бидејќи повторно ќе се соочиме со истиот проблем како што се соочувавме во изминатите години.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Ристо Пејовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Пејовски.

**Ристо Пејовски:** Благодарам потпретседателе,

На прашањето кога ќе се разгледува и донесе законот за евиденција во здравството ми е одговорено конкретно и со дата и од тој одговор сум задоволен.

На прашањето за проектот за информационен систем во здравството одговорено е со раскошни намери во неконкретизирана иднина за кои Владата заедно со финансиската поддршка од Меѓународната банка за реконструкција и развој, по логичен ред ќе ги спроведува.

Приговорот ми е, кога можеме да очекуваме да почне неговата реализација што ќе ми овозможеше да ја прифатам со поголема сигурност дека раскошната намера ќе биде реализирана.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за здравство господинот Ќамил Ќамили.

**Ќамил Ќамили:** Во моментот не можам да кажам друга дата освен тоа што е одговорено писмено и каде се дадени датите кога може да се почне да се работи на информацискиот систем во здравството.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Милка Митковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Повелете госпоѓо Митковска.

**Милка Митковска:** Благодарам потпретседателе,

Само делумно сум задоволна од одговорот во делот на преземените активности од страна на одговорните ресорни министерства во врска со овој случај. Сметам дека недоволно е ангажирањето, пред се во докажувањето на вината односно во делот каде треба да се обезбеди соодветна одбрана што може да му помогне на нашиот граѓанин кој подлежи под туѓо законодавство.

Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Останаа неколку од прашањата кои беа поставени писмено и имаше добиено писмен одговор.

За оние пратенички прашања за кои немавме присутни претставници од Владата, да бидат за наредната седница, а за оние прашања за кои не беа присутни пратениците, остануваме на тоа дека не биле присутни пратениците и не можело да им се одговори.

Процедурално за збор се јавува господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам господине Најдовски,

Моето процедурално прашање се состои во следното:

Јас пред малку кажав и приватно со колегите разговаравме дека е недопусливо во еден момент и министерот и заменикот да бидат надвор од земјата. Кога може вицепремиерката во отсуство на премиерот да биде тука, мислам дека и другите заменици на министрите може да бидат тука. Инаку непотребно доаѓав, немаше да земам 800 денари, ќе заштедеше државата денес 800 денари на мене.

Проблемот е во следното:

Јас прашував за Газела. Тендерот за Газела се отвара за два дена и сакав да укажам на некои недоследности кои се направени во претходниот периодм кога тендерот е поништен поради ниски средства кои се примани, меѓутоа во условите не е ставена ниската граница. Да не ни се случи сега, бидејќи луѓето кои претходно конкурирале, поднеле тендерска документација и биле одбиени затоа што на непосредни разговори на кои биле повикувани со стечајниот управник и претставниците на Министерството за економија и овој пат да бидат одбиени и да добие некој со многу пониска цена. Затоа беше моето ургирање да му кажам на министерот или на неговиот заменик малку да обрнат внимание, бидејќи сепак тоа е фабрика која е градена со парите на граѓаните на оваа држава и која фабрика требаше да се рестартира и да вработи 1.200 луѓе.

Би ве замолил, бидејќи сепак како парламентарци, јас сум еден од луѓето што и гласаше доверба на Владата и повторно ќе гласам, меѓутоа, барам малку посериозен однос на луѓето кои ја претставуваат оваа Влада во отсуство на министерот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ.

Јас можам да побарам сериозност толку колку што и вие. И јас сум еден од пратениците. И вие сте ги гласале и јас сум ги гласал. Имате начин како да не ги гласате.

Продолжуваме со поставување на пратенички прашања.

Според оној однапред утврден редослед, прв за поставување на пратенички прашања е пратеникот Ѓорѓи Трендафилов од ВМРО-Народна партија.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Завчера министерот за внатрешни работи педантно, набројувајќи ги инцидентите по изминатиот период од 8 месеци, спомна дека има над 500 напади врз припадници на МВР, вооружени напади врз припадниците на МВР, напади над полициски станици. Иако до крај не прецизираше кои, сепак посочи дека постојат одредени групации или одредена сила во Република Македонија на која не е интерес мирот и стабилноста на земјата. Ожекувавме дека министерот денеска со нетрпение ќе очекува да биде присутен на оваа седница за да даде дополнителен одговор. Бидејќи тој не е тука, ова прашање јас го упатувам до Владата на Република Македонија. Бидејќии тие најверојатно имаат механизам да го натераат да виде присутен на владините седници. Јас не можам да го натерам да биде присутен тука. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е исто до Владата, се однесува на Министерството за одбрана.

Дали е вистинито, а по се изгледа дека е вистинито.Имено во Министерството за одбрана во последните месец и половина постои една пракса да се врши силен притисок врз сите сектори во Министерството за одбрана да се склучуваат и да се заклучат договори за материјални набавки во времетраење од три години. Можеби јас не сум во право, но мислам дека тоа е во спротивност со Законот за јавни набавки. Доколку таа пракса во Министерството за одбрана е навистина таква, сакам да го слушнам објаснувањето на Министерството зошто тие инсистираат нивните сектори да ги потпишуваат договорите за материјални трошоци и да ги заклучуваат за период од три години.

Третото прашање е до Министерството за финансии.

Министерот за финансии често милува да изјави дека тој лично се погрижил да ја растовари државната администрација со 34.000 вработени кои се отпуштени во изминатиот тригодишен период. Ако министерот за финансии на тој начин

остварува заштеда, зошто тој постојано излегува со изјави дека тешко му оди прибирањето на средствата во Буџетот, дека Буџетот за оваа година е поголем, тој бараше и ребаланс на Буџетот. Едноставно, зошто тој не ги намали јавните давачки и даноците во Република Македонија, затоа што заштедата од 34.000 вработени по однос на плати и придонеси за пензиско и здравствено осигурување, секако е мошне висока.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

На првото прашање ќе одговори потпретседателот на Владата на Република Македонија, госпоѓица Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам потпретседателе.

Во изјавата на министерот за внатрешни работи која сега не би ја цитирала и коментирала но ќе кажам дека министерот за внатрешни работи ни тврдеше дека се работи за организирани групи кои ја загрозуваат македонската безбедност и стабилност. Станувааше збор за статистика која се однесува на нивото на криминалитет и нападите кои биле насочени кон припадници на МВР. Мислам дека ќе погреши и пратеникот и сите ние доколку на ова му даваме друг контекс.

Она што беше карактеристично е што МВР излезе со конкретни податоци кои не се кријат, кои се јавни, достапни до јавноста и воедно изрази задоволство што успешни се еден повисок број на акциите кои ги спроведува МВР и заради тоа сме сведоци дека стапката за криминалитет особено во некои општини опаѓа.

Меѓутоа, доколку пратеникот сака подетални инфорамции околу ова прашање, се разбира дека од Влдата ќе добие писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи ќе добиете писмен одговор доколку имате дополнително прашање.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Дополнително прашање не. Но, јас колку се сеќавам, добро, нема да ја коментирам изјавата на министерот за внатрешни работи но тој самиот изрази загриженост и кажа, очигледно е дека постојат одредени структури во земјата кои активно работат на дестабилизација. Тоа тој го кажа, не го кажав јас. Затоа очекував тој денес да излезе се посериозни и поквалитетни информации, можеби и да ги именува кои се тие, затоа што верувам тој има сознание кои се.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Од она што го дискутиравте не можам да сватам дали имате дополнително прашање, а Владата даде усмен одговор па не можам да сватам дали ќе има дополнително и писмен одговор. Тоа го оставам на вас.

Второто прашање е повторно до Владата, поточно до Министерството за одбрана.

Одговор ќе даде заменик министерот за одбрана, господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Благодарам.

Околу изјавата на пратеникот дека некој од Министерството може или врши притисок врз некого за да склучи договори за јавни набавки односно за материјални трошоци на времетраење од три години, кажувам дека е тотална невистина. Тоа и самиот пратеник го знае дека е невозможно такво нешто. Законот за јавни набавки е јасен и дециден. Сите набавки во Министерството за одбрана се вршат врз основа на Законот за јавни набавки, а кои набавки се вршат по основ на член 4, 5 и 6 од Законот за јавни набавки, се знае, нема потреба да му објасниме на пратеникот. Меѓутоа, за име на вистината пред јавноста, она што го тврди пратеникот тоа е потполна невистина.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џафери.

Господине Трендафилов дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Оваа седница е посветена на пратенички прашања, не констатации, без оглед што господинот Најдовски често не сфаќа за што зборуваме, така што јас ќе се воздржам од понатамошна дискусија со претставниците на Министерството за одбрана и ќе се обидам тоа да го проверам и да им дадам материјални докази, секако доколку се тие вистинити, на некоја од следните седници, ќе повторам, пратенички прашања, не констатации.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Не сакам да коментирам. Ќе ве сватам тогаш кога ќе постапите деловнички да поставите прашање или да не поставите. Вие немавте дополнително прашање и не знам дали сакате дополнително писмен одговор, или не сакате.

Добро, тоа е ваша констатација.

Третото прашање е до министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Писмено ќе го одговориме на поставеното прашање.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на прашањето.

Следен за поставување на пратенички прашања е господинот Драган Ѓорѓиев.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани членови на Владата, почитувани пратеници,

Јас ќе поставам едено прашање и тоа се однесува до министерот за земјоделство шумарство и водостопанство.

Имено, со Ребалансот на Буџетот за 2005 година беа одобрени средства во висина од околу 40 милиони денари за регулација на речното корито на реката Струмица и Моноспитовското блато во Струмичкиот регион.

Пред два месеци беше распишан тендер за избор на најпоголем изведувач на овие активности. За сите четири општини во Струмичкиот регион од посебна важност се започнувањето и завршувањето на овој проект и со реголацијата на речното корито сигурно позитивно ќе се влијае во однос на превентивната заштита на поплавите и земјоделските производители ќе можат слободно да ја планираат обработката на земјоделските површини, посебно оние што беа поплавени.

Прашањето е следно - До каде е стигната целата постапка за избор на изведувачот, кога ќе започне реализацијата на овој проект, затоа што е од посебна важност за четирите општини од Струмичкиот регион?

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменикот министер за земјоделство штумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине претседателе.

Со Ребалансот, веднаш по неговото донесување распишавме терндер за вршење на работи чистење на Моноспитовскиот канал и реката Струмешница. По завршениот тендер, каде конкурираат повеќе фирми, од една фирма имавме жалба на второстепена комисија. Денеска имавме информации дека жалбата е усвоена и ќе се врати назад на повторно бодирање. Очекуваме, штом се врати, да пристапиме кон повторно бодирање и со тоа сметам дека ќе се оконча постапката за започнување на работите врз овој проект.

Очекувам дека тоа ќе биде брзо и очекувам дека оваа година ќе мораме да ја завршиме таа работа, бидејќи средствата се календарски. Доколку не ја завршиме, не ги потрошиме средствата, работите ќе останат. Се надевам дека ќе нема понатамошни други процедурални работи што ќе имаат влијание врз продолжувањето на почетокот на овој проект.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Ѓорѓиев дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Ѓорѓиев Драган, повелете.

**Драган Ѓорѓиев:** Моето укажување оди во насока да до 31.12. мора да се започне со реализација на овој проект, затоа што после овој период можно е распределбата на овие средства да оди за други намени или пак во други општини. Важноста за земјоделските производители или за граѓаните од овој регион е голема, така што временската динамика треба да оди побрзо, да нема понатамошни жалбени постапки за да не биде пробиен рокот до 31 декември.

Укажување, во најбрз можен рок да се изврши избор на изведувачот и да се отпочне со реализација на проект.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Илија Србиновски, за поставување на пратенички прашања.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе**.**

Имам три прашања, едното до Министерството за финансии, другото до Министерството за труд и социјална политика и за подпретседателот на Владата.

Првото прашање е за Минитерството за финансии, а тоа гласи - Зошто Одлуката за исплата на премии за заостанатa пченица од 17.09.2002 година не се реализира за исплата на премија во АД Жито Битола, кога ќе се исплати и колкава сума на пари е тоа.

Следи објаснување:

Неодамна, пред капијата на АД Жито Битола беше организиран протест од незадоволните производители на пченица во поглед на цената и динамиката на исплата на пченицата. Едно од другите објаснувања од Жито Битола е дека недостасуваат средства, а со тоа е создаден голем проблем од неисплатената премија за пченицата од жетвата од 2002 година од страна на државата.

Од 2002 година постојат две одлуки на Владата на Република Македонија за исплата на премија, од кои едната е реализирана и исплатени се средства од 2,5 денари по килограм пченица за 30 илјади тони пченица, додека втората за 60 илјади тони не е извршена, бидејќи АД Жито Битола е најголемиот откупувач на пченица од индивидуалниот сектор во Македонија. Таа е и најпогодена од оваа ситуација.

Тргнувајќи од уставниот принцип за еднаквост на пазарот, не можејќи да ги двои производителите Жито Битола, за кои следува, а за кои не следува премија, Жито Битола исплати премија за сета откупена количина жито. Нереализирањето на втората одлука за Жито Битола значи штета од 40 милиони денари сретства што сега недостасуваат за исплата на пченицата од оваа жетва. За ова е заведен судски спор, но дали треба спороста на судството да доведе до блокади и протести и конечно колапс на Жито Битола и на производителите на жито?

Јас, како тогашен началник по земјоделие знам дека на индивидуалните земјоделци им е исплатена оваа премија. Со тоа е оштетена Жито Битола со околу 40 милиони денари и ако се исплатат овие 40 милиони динари како премија, да му се надоместат на Жито Битола, сметам дека ќе се отстранат тие блокади и протести, значи ќе се исплати реколтата од оваа пченица од 2005 година. Ова прашање е до Министерството за финансии.

Второто прашање е до Министерстовото за труд и социјална политика. Прашањето гласи - Дали

Министерствот е запознаено со проблемот на група трудови инвалици од Битола и, доколку е запознаено што чини за решавањето на ваквиот проблем.

Да поедноставам. Голема група на трудови инвалиди кои се здобиле со инвалидитет преку несреќи на работни места се соочуваат со големи потешкотии, затоа што надоместокот во износ од 20 % што го примаат од 1995 година од прво прогласените фирми загубари не им е исплатен скоро седум месеци.

Третото прашање е до потпретседателот на Владата. Прашањето гласи - Колку државни службеници се неоправдано деградирани, сменети од министерствата, дирекции, агенции и други органи на Владата? Колку од државните службеници повеле судски спор и колку од нив го добиле спорот по министерства, агенции, дирекции и други владини органи? Колку судски постапки се во тек, колку министри и други владини функционери не ја реализирале судската одлука за враќање на државните службеници на работно место што го определил судот и против колку министри и други владини функционери е покрената кривична тужба за неизвршување на судска одлука? Со тоа колку сега тоа во пари ја чини државата?

Имено, со преземањето на парламентарната власт во 2002 година, актуелната власт почна масовно деградирање на државните службеници во Република Македонија во смисла на незаконско одземање на нивните звања, стекнати со Закон, што доведе до масовни жалби до Агенцијата за државни службеници, која ги одбиваше приговорите како неосновани, а во најчест број на случаеви воопшто не им одговараше, што пак е еднакво, според Законот, на негативен одговор. Поради овие работи службениците ја бараат правдата пред суд.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Првото прашање е до Министерството за финансии. Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Господинот Србиновски покрена интересно прашање, додуше малку задоцнил, го даде на погрешна адреса, бидејќи самиот ја кажа датата кога е донесена Одлуката, 17 септември. Претпоставувм дека треба да го праша министерот за финансии на 17 септември 2002 година кој беше актуелен. Само, да дадам мал вовед.Бидејќи информациите што ги има се со лош квалитет, а мислам дека дел од нив и намерно лошо ги пласира.

Прво, Владата во 2002 година донела Одлука за субвенционирање на пченицата, 30 илјади тони и ја исплати, меѓута тоа што господинот Србиновски го знае, а не го кажа е дека го исплати со земање кредити од комерцијалните банки во Република Македонија. Значи, потроши пари што не ги имала обезбедено, туку ги зела на кредит. Кредитот, може да претпостави господинот Србиновски, кој и кога го вратил, во наредните календарски години после 2002 година. Такво откупување на пченица од страна на било која Влада е неодговорен процес, затоа што од идната потрошувачка, предизборна, во година на избори инвестира пари за нешто за што не одделила.

Втората Одлука што тој ја спомна е на 17 септември 2002 година. Уште за 60 илјади тони. Во Македонија, на сите, особено на господинот Србиновски му е јасно што се случило два дена пред 17 септември 2002 година во Република Македонија. Односно, власта која ја донела таа одлука, ги изгубила изборите. Таа власт, откако ги изгуби изборите, на 17 септември, два дена после тоа, значи во недела беа изборите на кои изгубијам, во вторникот донесе одлука уште за 60 илјади тони, без да има покритие во Буџетот на Република Македонија, што исто така е спорно од легален аспект, Владата да носи одлука за нешто за што во Собранието, со Буџетот не се оделиле средства. Нормално, Владата не можела да ја реализира во 2002 година таа Одлука. А, како што знаете, Буџетот на Република Македонија е годишна пресметка на финансиите на државата, а не е повеќе годишна. Не можете вие да носите одлука во 2002 година, од Буџетот за 2002 година, да не ја реализирате, а да очекувате во некоја друга година да се носи, затоа што не функционира така. Што значи одговорот ќе си го извлече сам господинот Србиновски врз основа на ова, а најумесно би било да ги праша тогашната Влада и тогашниот министер за финансии како донеле одлука што не можеле да ја реализираат и зошто донеле откако завршиле изборите?

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Србиновски дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Илија Србиновски, повелете.

**Илија Србиновски:** Како ќе бидам задоволен од одговорот кога одговорот не е воопшто добар. Не е битно која Влада или онаа Влада, Одлуката е донесена. Ние сега треба да помогнеме, јас кажувам 40 милиони денари Владата не исплатила на Жито Битола, а Жито Битола ја исплатила премијата на производителите. Според, тоа Владата треба да преземе мерки. Сега е на власт оваа Влада, нека преземе мерки, нека исплати. Ако не, нека исплати на целокупната пченица во Република Македонија од индивидуалниот сектор, ако е оваа добра Влада, бидејќи е сега на власт, сега нека ја исплати оваа премија. Ете, нека не ги враќа тие пари, 40 милиони денари, сега нека им ги исплати на 100 илјади тони жито што е откупена, сега нека им исплати премија. Сега нека им даде пари ако е толку способна оваа Влада.

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски имате дополнително прашање, бидејќи според Деловникот треба да ве прашам дали имате дополнително прашање?

**Илија Србиновски:** Дополнителното пак ќе гласи дали мисли да ги исплати овие пари оваа Влада и дали мисли да плати пари, премија за пченицата?

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Ќе беше добро господинот Србиновски ова прашање да го поставеше на 18 септември 2002 година, веднаш после донесувањето на Одлуката на Владата во 2002 година. Јас кажувам дека буџетските пресметки се годишни пресметки. Таа Влада донела одлука за што немаме средства во Буџетот.

Сега, господинот Србиновски го преформулира, очигледно изнервиран, прашањето и оваа Влада може да ги исплати тие средства со земање на кредит на 1 септември 2006 година, на пример непосредно пред изборите, па после некоја Влада во идните гоини, без разлика која ќе ги добие изборите нека мисли како ќе ги исплати.

И, апсолутно не можете да добиете политички кредит од политички нелегитимна активност на 17 септември 2002 година. Премија за пченица се определува на почетокот на годината во Буџетот на Република Македонија одобрен од страна на Парламентот. Ако носите, без Ребаланс, дополнителни средства од Буџетот после завршување на изборите и тоа во услови кога се поминати тие процедури, значи, вие сте имале само некакви нечесни намери кон Владата што доаѓа. Впрочем, за ова има процедура во државава и во судовите и таму ќе се реши таа работа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Второто прашање е до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, господинот Ибраимовски.

Повелете господине Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам потпретседателе.

Како Министерствот, знаеме дека има трудови инвалиди не само во Битола, туку и во цела република, дека надоместокот што го примаат од 20%, прво да кажам дека немаше законски основ, дека се доделуваше со посебни одлуки на Владата, меѓутоа сега, во овој период од први 2005 година, наваму, како Министерство бараме од сите тие кој доаѓаат кај нас и бараат да им се исплати, ги праќаме на повторно оценување на работната способност на тие лица. Секоја година би требало да се обновува таа постапка.

Па затоа сега, сите трудови инвалиди кои се обратиле до сега во Министерството, ги упативме на повторна оценка на работната способност. Кога ќе се утврди фактичката состојба, тогаш ќе донесеме други соодветни решенија околу турдовите инвалиди.

Благодара.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Србиновски дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Србиновски Илија.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам господине подпредседателе.

Не можам да бидам задоволен, затоа што само со "ќе", ќе направи оваа Влада, а кога, тоа е прашање.

Прашувам, дали ќе ги исплати или нема да ги исплати, конкретно да се направи? Само "ќе". Ќе се направи таа, ќе се направи. Само толку.

**Слободан Најдовски :** Благодарам.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика господинот Самка Ибраимовски.

Повелете господине Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Господинот Србиновски ако не слуша, еве ќе повторам уште еднаш.

Прво, нема законски основ за доделување на такви средства. Тоа беше со посебни одлуку на Владата. А, бидејќи сега се јавуваат поголем број на такви трудови инвалиди, уште еднаш повторувам, не ќе, туку ги упатуваме на оценка на работна способност во комисиите на пензиското инвалитско осигурување. По утврдувањето на фактичката состојба, ќе заземеме друг став.

**Слободан Најдовски :** Благодарам.

Третото прашање е до Владата на Република Македонија , па има збор потпретседателот на Владата на Република Македонија госпоѓица Шеќеринска.

Повелете госпоѓице Шеќеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам потпретседателе.

Се разбира дека пратеникот, бидејќи бараше конкретни податоци ќе имаме писмен одговор, меѓутоа за да можеме подобро да го формулираме и да одговориме на прашањата на господинот пратеник, би сакала само да замолам дали може да дообјасни дали податоците се однесуваат само на оваа година што ги бара пратеникот, дали се однесуваат на последните три, дали се однесуваат и на периодот од 2002 година, и дали во бројките за исплатена отштета, што ги исплаќаме од Буџетот на Република Македонија во предвид да ги земеме и сите оние отштети што се однесуваат на слични одлуки на претходната Влада на господинот Георгиевски? Дали во неа да го вклучиме и трошокот што Македонија секоја година го плаќа заради зголемување на администрацијата на различни

нивоа на некаде околу 10 илјади само во последната година на владеењето на ВМРО ДПМНЕ?

**Слободан Најдовски:** Господине Србиновски имате збор, повелете.

**Илија Србиновски:** Благодарам.

Мене не ме интересира порано, ме интересира за овие три години од владеење на СДСМ, нека одговори на овие прашања. Има стенограм добро е запишано, нека одговори за последниве три година колку е ова во пари што ја чини државата. Тоа е поставеното предходно прашање, сите предходно поставени.

**Слободан Најдовски :** Благодарам.

Има збор подпретседателот, госпоѓица Шекеринска.

Повелете госпоѓице Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Затоа и поставив прашање. Владата исплаќа и исплаќаше во изминатиот период одштети и судски трошоци само за отпуштените, воглавном отпуштените лица од администрацијата што беа отпуштени од страна на претходната Влада. Дали за тоа, бидејќи овие трошоци се направени исто така во последниве три години, дали за тоа сака да чуе господинот или исклучиво е фокусиран на тоа што се случува вчера и денес. Бидејќи парите, ќе повторам, ги исплаќаме и оваа година од Буџетот и од предходните година. Меѓутоа, се резултат на дејствија и незаконски однесувања на претходната власт?

**Слободан Најдовски:** Само да помогнам, колку што разбрав, се што е исплатено во овие три години, без разлика на кој периот се однесува. Барем така е предложено. Го има стенограмот, од службите ќе добиете во писмена форма.

Значи, одговор на прашањето ќе добиете во писмена форма господине Србиновски.

Следен за поставување пратенички прашање е пратеникот Благој Голомеов.

Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас имам три прашања.

Првото е на иницијатива од Координативното тело на одгледувачите на полжави. Имено, се работи, условно речено за таканаречената афера полжави што неколку месеци се врти во средствата за јавно информирање. Според нивните видувања и информации, околу 30-тина фармери имаат инвестирано околу 180 илјади евра во оваа дејност, а поради тоа што не добиле дозвола за увоз на репродуктори изгубиле некаде околу 240 илјади евра. Со тоа се спречува една профитабилна дејност што ќе значи промена на структурата на македонското стопанство, намалување на социјалните тензии, сигурен девизен прилив, бидејќи постои договор за гарантиран пласман во Европската унија.

Точно е дека во 20-тина земји во Европа фармерите одгледуваат полжави од видот целикс асперсум милер, меѓу кои во повеќе земји од Европската унија. Според нивните видувања постојат индикации дека некоја друга странска фирма која е промотор на фармерското одгледување на полжави во Република Македонија од друг вид, кој многу помалку е ценет на светскиот пазар преку некои свои линии, го оневозможува реализирањето на овој проект.

Владата на својата седница на 26,09.2005 година донела заклучок овој проблем да се разреши, меѓутоа е задолжено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што е можно во пократок временски период да го разреши овој проблем, бидејки како што укажуваат и самите луѓе инволвирани во оваа стопанска дејност до сега имаат изгубено значајна сума на пари и до колку проблемот не се разреши час поскоро, тие губитоци можат да бидат значително поголеми.

Второто прашање исто се однесува односно е врзано со економските текови на Република Македонија и го поставувам до Министерството за финансии, а е поврзано со лозарството односно со блокадата на сметката на винарската визба "Тиквеш". Имено, со тоа се трпат негативни импликации, посебно на страната на непсоредните производители, при што имаме еден значаен проблем. Ова не е само проблем изолиран помеѓу винарската визба, би рекол и државата, туку е мошне комплексен и чувствителен, бидејки се во прашање дирекните егзистенции околу 20-тина илјади граѓани, 5 илајди семејства, покрај оние 370 таму вработени.

Моето прашање е зошто токму веќе 2 години по ред во момент на берба на грозјето, се врши блокада на сметката на најголемата винарска визба во земјата и регионот и со тоа се доведува населението од Кавадаречкиот крај во крајно незавидна социјална положба. Поставувам прашање дали не постои можност овој проблем да се разреши, се со цел негативните економски разни импликации, пред се, за непосредните производители да бидат што е можно помали и да се минимизираат.

Третото прашање го поставувам до Министерството за транспорт и врски. Во последно време сме свесни за голем број на инциденти на наплатните рампи во Република Македонија, па дури и имаше еден обид, слободно може да се каже за убиство на тие наплатни рампи. Значи проблемот е акутен, актуелен. Би запрашал што се се презема, бидејки имаше одредени најави дека треба да се модернизира системот на наплата односно дали размислува Министерството да воведе таканаречен затворен систем на наплата, со што и ќе се заштитат вработените таму кои сега се оставени едноставно во многу незавидна ситуација, трпат најразлични притисоци од лица кои не ги почитуваат законските одредби, а и со тоа ќе се зголеми ефикасноста на наплата односно ќе имаме една до крај регулирана ситуација во вооj домен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Првото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Во Република Македонија полжави се увезуваат и од претходните години и ги одгледуваат фармерите. Меѓутоа, последната година се појави интерес за увоз на еден друг вид на полжав таканаречен народно шарен полжав или шумски полжав, за кој што претпоставувам пратеникот за тој полжав прашува. Јас за тој полжав ќе дадам одговор.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дава дозвола за увоз на било какви видови на животни од аспект на здравствена состојба. Меѓутоа, за овој полжав, Министерството за животна средина имаше негативно мислење, бидејќи сметаше дека ќе влијае негативно врз животната средина односно ќе направи штета во природата со неговото внесување, бидејки постоеа различни мислења од научните установи кои ги има во Република Македонија. Едни тврдеа дека тој може да направи, бидејки е агресивен, да го уништи домашниот полжав, може да уништи голем дел од природата и т.н. Други експерти сметаа дека тој се одгледува фармерски и тој не може да направи штети. Затоа, имаше поднесено Инфорамција од Министерството за животна средина до Владата на Република Македонија и од Владата на Република Македонија Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е задолжено да направи правилник за начинот на одгледување и прецизирање на сите услови на овој полжав како би се спречило да направи евентуални штети во природата односно на растителниот свет во Република Македонија. Ние сега тоа го правиме, точно ги прецизираме начинот и условите како треба да изгледаат фармите, кои се услови треба да ги исполнуваат, за да не може тој полжав да излегува надвор од фармата за да не би дошло до евентуално некакви штети. Очекуваме дека тоа ќе биде најбрзо направено. Сега малку ни се развлече поради состојбата со птичјиот грип, работиме на таа работа и ќе нарпавиме таков правилник и ќе го поднесеме до Владата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Голомеов дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Благој Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас сум лично задоволен и се надевам дека ова ќе биде оптимистички одговор за сите што се инволвирани во овој бизнис. Благодарма на одговорот.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање е до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Сакам да дадам прецизен одговор на ова прашање. Со оглед дека во јавноста од едната страна се презентираат многу дезинформации, за кои очигледно дури и пратениците подлегнале на таквата дезинформација.

Прво, обврските кои "Тиквеш' ги има кон државата се обврски кои ги имаше кон поранешната Агенција за санација на банки и кои по нејзиното завршување согласно Законот кој ова Собрание го донесе, ги презеде Министерството за финансии. Тие обврски во овој момент изнесуваат близу 500 милиони денари. Министерството за финансии е должно согласно законите на оваа држава да ги наплати своите побарувања. Ако Министерството за финансии не ги наплаќа своите побарувања, Министерството за финансии ќе се однесува спротивно на Законот. Државата е исто така правно лице која има свои долгови и побарувања и во овој случај ние сме должни да ги штитиме интересите на државата и на побарувањата кои ги имаме. Во спротивно, вие ќе поднесете интерпелација дека јас не ги штитам интересите за кои со Закон сте ме обврзале.

Трето, Република Македонија во овој случај нема никаква комуникација, ниту односи со производителите на вино во било кој регион во однос на случајот "Тиквеш". Тоа е спор на неплатени обврски од страна на едно Акционерско друштво кон Република Македонија. Добавувачите и оние на кои продава и има комерцијални односи и тоа друштво со другите, меѓу кои се и винарите, не е во надлежност на овој спор. Такви случаи Република Македонија, верувајте дека има стотици, во кои ние имаме побарувања од некои и ги наплаќаме. Ако не се наплатливи, како што е согласно со договорите, тогаш се наплаќаат по сила на закон и по сила на договор, принудно согласно законите. Зошто овој случај е извлечен и добил на јавност е затоа што од другата страна сопствениците на "Тиквеш" очигледно донеле одлука да го исполитизираат случајо ти со таквиот случај да ја натераат да се бави јавноста. Инаку, јас сега можам да донесам список од стотина фирми кои ние ги имаме блокирано по разни основи, даночни и други побарувања од друживата кои треба да ги платат и кои никој не го политизира случајот и го префрлува на товар на нивните клиенти.

Четврто, блокадата, како што кажа господинот пратеник, не е воведена два пати и тоа како што тој кажа токму во времето на откуп на грозје, туку таа е воведена еднаш и тоа во оној момент кога тие доспеале, а очигледно по пат на преговри не сме успеале да најдеме заеднички јазик, да се извршат обврските кон државата. Во тој момент

ние сме вовеле блокада. Со оглед дека другата страна на таа блокада вложи судска жалба, па се решаваше во првостепен суд кој ја поништи, па потоа на Апелациониот суд повторно се воведе блокадата и уште од пред 6 месеци донесена одлука, се имплементираше од страна на судот пред еден или два месеци, тоа веќе не е надлежност на државните органи на Република Македонија од извршната власт, туку е надлежност на судството. Значи, ние не имплементираме во одредени периоди како што се сака од другата страна постојано да се прикаже, туку мислам дека дури со серија на активности се темпира да испадне така за да се создаде впечаток дека е во време на откуп. Таа не е во време на откуп, туку е многу одамна во судските канали и спорови доспеа повторно тогаш кога доспеа. Министерството за финансии не може да се повлече во донесени судски одлуки на блокирана сметка да каже дека се повлекува. Кога веќе имате судска одлука во ваша корист тоа не би го направиле. Што ќе мислите вие сите за Министерството за финансии и за мене лично и за Владата на Република Македонија ако јас добијам спор на суд во висина од 500 милиони денари за државата и кажам дека се повлекувам. Ќе ме прашате зошто се повлекувате во овој случај, а не во другите сто и кои се другите случаи во кои ќе се повлечете. Значи, таквиот однос, како што сега господинот Голомеов имплицитно бара ние да направиме, значи дека ние треба да имме однос блокадата кон некого да ја спроведуваме, ако некого не и добиени судски пресуди кон некого да ги имплементираме, кон некого да ги повлекуваме. Е, тоа се дискрециони права, кои се на работ на издржливост односно се неиздржливи. Затоа, Министерството за финансии никогаш нема да ги спроведе. Имаме ист однос кон сите, дали должат 5, 50 или 500 милиони денари во спор со државата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Голомеов дали сте задоволен од одговорот или сакате дополнително да поставите прашање.

Има збор пратеникот Благој Голомеов.

Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Јас навистина го почитувам одговорот на минситерот од аспект на легалитет, меѓутоа би бил крајно среќен ако навистина се успее да се разреши овој проблем кој економски задира во интересот на една поголема група или еден цел производен сектор во Република Македонија. Од тој аспект сметам дека сепак треба да се направат сите усилби на обострано задоволство проблемот да се реши, како би имало што е можно помали импликации од социјален аспект, пред се за производителите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик минситерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Што се однесува до наплатните рампи, Фондот за патишта Македонија пат и Министерството за транспорт и врски заедно со консултантите интензивно се работи на дефинирање на моделот и за преструктуирање на Јавното претпријатие Македонија пат, но како еден од главните делови на студијата која треба да биде за Јавното претпријатие Македонија пат, односите со Фондот за патишта, претставува и делот на модернизација на наплатниот систем на патиштата, на магистралните патишта во Република Македонија. Така што, секако интензивно се работи на тоа, посебно и со фактот дека она што Министерството за транспорт и врски ја информираше јавноста дека Коридорот 10 е ставен на приоритетна листа на Европската транспортна комисија, така што тука ќе се посвети посебно внимание и веќе во наредниот тпериод ќе се тргне во подготовки и реализација на тој проект.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господин Голомеов, дали имате дополнително прашање?

Повелете.

**Благој Голомеов:** Благодарам.

Немам дополнително прашање, само се надевам дека сите овие активности ќе се интензивираат и овој проблем ќе се разреши во најбрз временски рок. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви блаогдарам и вам.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски за поставување пратенички прашања.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата.

Пред да го поставам моето прво пратеничко прашање упатено до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и до потпретседателите на Владата на Република Македонија, сакам најпрво на сите да им го честитам денешниот голем христијански празник Петковден, а посебно на земјоделците во државата, затоа што овој ден меѓу нашиот народ е познат како ден кога завршува сеидбата на сите земјоделски сеидбени култури во државата.

Од нашите партиски одбори по селата имаме информации дека до сега на индивидуалните земјоделски посеви во државата нема засеано ниту едно зрно ...

**Слободан Најдовски:** Господине Георгиевски, ќе ве замолам само микрофонот повлечете го, за да може да се слуша. Благодарам.

**Михајло Георгиевски:**

Од нашите партиски одбори по селата имаме информации дека до сега на индивидуалните земјоделски посеви во државата нема засеано ниту едно зрно лебно жито. Причината за тоа е неисплатениот, а ветен денар за пченицата од родот за 2005 година и неисполнување на ветувањата на премиерот за обезбедување по сто литри ефтино гориво за секој хектар кај индивидуалните земјоделци. Откажувањето од сеидбата на пченица во индивидуалниот сектор во доволна мера се поврзува и со ниският откуп на пченицата која годинава се откупуваше по многу ниски цени. Има голема количина сеуште неоткупена пченица. Така што, од 300 илјади тони пченица произведена годинава се откупени само 170 илјади тони. За да биде несреќата уште поголема на земјоделците не им се гарантира ниту по која цена, ниту во кој временски период ќе им биде исплатена откупената количина пченица. До колку не се изврши откупо тна годинашниот род, ќе се повтори 2003 година кога наместо домашна, се увезуваше многу поскапа пченица и јадевме леб од стрранство, а домашното производство го јадеше добитокот.

Моето прашање гласи, како стојат работите со есенската сеидба на пченицата во Република Македонија и дали пченицата од родот за 2006 година ќе биде сместена во листата на култури, за кои што ќе има премии. Барам, ако биде сместена во таа листа, министерот уште веднаш да се произнесе по ова прашање и да каже дали ќе биде или не.

Второто пратеничко прашање го упатувам до министерот за внатрешни работи и Јавниот обвинител.

**Слободан Најдовски:** Господине Георгиевски да ве прекинам. Може да поставите прашање до министерот за внатрешни работи, а до колку сакате да поставите до Јавниот обвинител, согласно Деловникот, ќе треба тоа да го највите пред поставувањето односно 24 часа пред отпочнување на седницата, за да може да биде повикан. Така, сега прашање може да поставите само до министерот за внатрешни работи.

**Михаило Георгиевски:** Веќе подолго време во средствата за јавно информирање присутен е судирот во синдикалното движење во државата, поточно во Синдикатот за образование, наука и култура така наречен СОНК, предводен од синдикалниот лидер Дојчин Цветановски и синдикалниот лидер на Сојузот на синдикатите на Република Македонија Ванчо Муратовски.

Синдикалецот Ванчо Муратовски подржуван, според мое мислење, од Владата на Република Македонија со цел да го елиминира Дојчин Цветановски му подметнува друг нелегален лидер на СОНК по име Веселинка Трајковска. Таа со подршка на Ванчо Муратовски и општо со владеачкиот режим фалсификува печат и други документи, ја блокира жиро сметката и доаѓа до големо незаконие, за кое официјалното раководство на СОНК има поднесено и кривични приајви.

Моето прашање гласи, зошто Министерството за внатрешни работи и обвинителството не превземаат веќе повеќе од еден месец ништо против фалсификаторот на печатот на СОНК госпоѓата Веселинка Трајковска туку таа слободно си шета, а според Дојчин Цветановски и понатаму прави нови кривични дела. Дали тоа не значи дека режимот директно е инволвиран во овој случај.

Третото прашање е до министерот за култура. По повод големиот македонски празник 11 Октомври, гордоста на македонскиот народ, виртуозот Симон Трпчевски со голема чест и задоволство реши пред неговото заминување на големиот концерт во Њујорк прво да се претстави пред својот народ во Универзалната сала во Скопје. За овој потег уметникот заслужува секаква почит. Тоа е одлика на голем човек и заслужува епитет голем народен уметник. Но, каков епитет заслужуваат нашите директори на Македонскат филхармонија и Охридско лето што не му дадоа пијано купено од даноците на македонскиот човек, туку му дадоа старо и расштимувано, се со цел да не може уметникот пред својот народ да му го претстави во блескава светлина своето знаење. Но, Господ е голем и му даде сила и моќ на старото пијано и раскршеното столче уметникот да блесне и да се надмине самиот себе.

Прашањето гласи, како господине министре ќе ги казните овие суетни директори. Тие веќе се казнети и осудени од народот, а сега се чека на вашиот потег. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

По однос на првото прашање, заменик минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски, ќе одговори.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе. Точно е дека се наоѓаме во ек на сеидба на есенските култури и тој тек интензивно се одвива, посебно после последните врнежи, бидејќи пред тоа имавме проблеми околу сушата.

Есенската сеидба во овој момент е завршена со 45% од предвидената и со интензивно извршување на оваа работа очекуваме дека сеидбата со овие добри временски услови ќе се изврши целосно. Значи дека не треба да се страхува дека  оваа година нема да се посее пченицата.

Што се однесува до второто прашање, дали пченицата ќе влезе во програмата за директна поддршка од Буџетот на Република Македонија, јас во овој момент само можам да кажам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Предлог-програмата за поддршка на земјоделството ќе предвиди и директна поддршка од Буџетот и за пченицата. Точниот исход ќе се знае кога ќе се расправа за буџетот, бидејќи овој Парламент го носи Буџетот

и овој Парламент ќе треба тоа да го прифати или да не го прифати. Ние како Министерство сметаме дека треба да има пченицата поддршка и ние ќе предложиме и предложивме програма, каде што наредната година треба да биде вклучена и пченицата, покрај другите производи кои се вклучени. Конечниот исход ќе зависи од донесувањето на Буџетот во овој Парламент. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Ѓорѓиевски дали сте задоволни од одговорот на прашањето, или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Ѓорѓиевски.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Од одговорот на минситерот сум делумно задоволен, бидејќи тој кажа дека сеуште се сее. Петковден е ден кога завршуваат сите сеидбени култури во Република Македонија. Се знае дека ниту едно зрно не е посеано пченица за догодина.

Втората работа, еве уште еднаш апелирам ако може пред јавноста да каже колкава и каква привелегија ќе имаат земјоделците за догодина. Ова година отиде што отиде. За до година да се знае колкава привелегија, што ќе побара Министерството, а ние овде во Парламентот кога ќе го донесеме Буџетот, за ова ќе расправаме. Заменик министерот, ако може овој пат да каже, колку тие како Министерство бараат бенифиции за земјоделците за реколтата за до година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓориевски.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Јас кога одговарав на прашањето до каде е со сите активности, зборував со официјални податоци на ниво на Република Македонија и ќе повторам дека до вчерашниот ден, до вчерашната дата ние секојдневно ги следиме овие активности. 45% од површините во Република Македонија се посеани.

Значи, констатацијата дека ниедно зрно пченица не е посеано, не можам да ја прифатам, бидејќи не е така.

Што се однесува до поддршката на пченицата во идната година, ние предлагаме во програмата, поддршката на пченицата да биде по 3000 денари од посеан хектар. Значи тоа е нашиот предлог кој што очекуваме дека ќе биде поддржан од овој Парламент кога ќе се носи Буџетот. Се разбира, нема да биде само за пченицата поддршката. Ќе има поддршка и за другите житни култури, како што е јачменот, пченката, шекерната репа, сончогледот, ќе има и за сточарството, краварството, овчарството и тн., тоа е широка голема програма, целосно сега да не ви ја елаборирам, бидејќи конкретно беше прашањето за пченицата. Ќе кажам дека ние тој предлог го предлагаме во Буџетот за наредната година. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Блаодарам господине Џамбазовски.

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи. На почетокот на седницата ве известив деа од Министерството за внатрешни работи ќе немаме денеска претставник, што значи ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е до министерот за култура.

Има збор министерот за култура, господинот Благоја Стефановски. Повелете господине Стефановски.

**Благоја Стефановски:** Почитуван господине Ѓорѓиевски, бидејќи и во јавноста долго време после концертот на Симон Трпчевски и Македонската филхармонија се говореше за проблемот со клавирот, сакам само да ги изнесам само фактите, а тоа е дека Министерството за култура, тогашниот директор на Универзалната сала, Гоце Димовски и Симон Трпчевски, во интерес на квалитетот и како еден вид генерална проба пред концертот со Њујоршката филхармонија, Рахмањинов 3 да го отсвири со Македонската филхармонија. Мислам дека тоа е ирационално и корисно и добро за македонската публика да го има тој настап тука со својот уметник, меѓутоа и со Македонската филхармонија и затоа издвои средства. Во тој дел на разговорот никаде не беше спомнувано кој клавир и кое пијано концертно ќе биде за тој концерт во Универзалната сала. Раководејќи се од размислувањето дека минатата година Стенвојот од Охридско лето, стариот се репарира, бидејќи Охридско лето има два стенвои, едниот, репарираниот во текот на годината беше постојано во Скопје во Унвиерзалната сала, додека новиот Стенвој не се носи, бидејќи со преносот има свои ризици и бидејќи тогаш Симон Трпчевски прифати да свири на старото пијанино репарирано да свири, до мене не беше поставен тој услов. Во меѓувреме се водени некои разговори со филхармонијата и наводно, уште од минатиот управен одбор е донесена одлука да не се носи надвор од Домот на АРМ, салата во која што концерт одржува Филхармонијата, од исти причини за да не дојде до тој ризик, кој што не мора да се случи, меѓутоа постои опасност при пренесувањето.

Мене тој проблем не ми беше посочен. Јас го слушнав на самиот концерт од самиот Симон Трепчевски. После тоа вечерта разговаравме за некои дилеми, иако концертот беше совршено добар. Наводно Филхармонијата понудила тој концерт да се одржи во Домот на АРМ, за да нема такви ризици. Тоа не било прифатено, претпоставувам, бидејќи веќе влезниците во поголем дел биле продадени. Вие знаете Универзална сала има 1500 седишта, а Домот на АРМ некаде до 700 седишта. Значи би биле оштетени околу 800 гледачи. Во секој случај има недостиг на прави концертни клавири, како што има и во Факултетот за музичка уметност. Секој си ги штити своите со длуки на управните одбори.

Мислам дека најлесно е да кажеме дека во овој момент да го казниме или да не го казниме, меѓутоа, постои еден дел на ризик. Симон Трпчевски сигурно заслужуа да свири на најдобриот клавир и тука нема дилеми. Тој ја репрезентира македонската уметност повеќе од се што другите можеме да направиме, сигурно и другите уметници тоа го прават, меѓутоа, Симон Трпчевски во континуитет последните две-три години тоа го прави.

Сакам да кажам дека и Универзалната сала се надевам дека ќе смогне сила, бидејќи можат во тој дел да направат таква инвестиција, меѓутоа, клавирот на Филхармонија е купен од средства на ТЕЛЕКОМ во времето кога беше директор Иван Гиновски. Повторно можеби средствата се враќани од граѓаните, меѓутоа, со тоа управуваат луѓето кои што се поставени за тоа. Таа одлука е донесена од сите членови и од Уравниот одбор на Филхармонијата и тоа веќе на неколку пати го имавме и знаете дека кога беше и утакмицата со Англија беше исто така барано Симон Трпчевски химната да ја отсвири на стадионот, но како што знаете таму и временските услови беа како што беа, значи се поставува дали секаде Симон каде што ќе оди и на отворено ќе можеме да ризикуваме со такви клавири каде за овие 60 години имаме неколку концерти кои што ги задоволуваат сите критериуми. Значи тие два стендаи во Охрид и во Филхармонијата Дезендорф кој што е на Интерфест во Битола и двата клавира кои што се во Факултетот за музичка уметност. Тие се фактите, јавноста нека суди. Јас во разговорите со Симон Трпчевски и со двајцата директори разговарав и мислам дека е сигурно проблем со кој што ќе се соочуваме. И во Античкиот театар секогаш е проблем да се стави најновиот клавир. Обично служи во Света Софија, затоа што ризикот е голем, затоа што од временските услови може да се одразат на квалитетот на тој клавир, а тие се со таква цена што ете за жал, ние не можеме да ги опремиме сите сали во кои се одржуваат такви концерти. Тоа е исцрпното мое кажување, со сета специфика, со сета тежина на сите уметници и на Симон Трпчевски и на Македонската филхармонија. Знаете со концертот на Карерас целата јавност беше на страната на Филхармонијата. Значи, јас не би навлегувал, меѓутоа во тие преговори секогаш треба условите да се поставуваат и да се потпишат договорите. Исто така барав и од директорот на Охридско лето да се потпише договор со било кои уметници, дали тоа се странски, или домашни и да се прецизираат условите. Ако се потпише, ризикот го превзема тој што го направил. Очигледно, во овој момент исто така, не беа строго професионално потпишани договорите за овој конценрт, имаше само добра желба на сите овие три чинители. Ризикот и на ова пијанино кое што беше минатата година репарирано, сигурно не беше помал, отколку на новиот клавир, меѓутоа, треба нова репарација, треба да се однесе во Германија, да се направи нова репарација, и од таму, ќе се согласите Охридското лето не можеме да го доведеме да нема ниеден клавир на кое што 40 дена ма конценртна придружба, или соло концерти на пијано. Сигурно ова е тема на која што треба да се среќаваме и на која што државата треба да прави се повеќе и повеќе, меѓутоа и другите фактори и луѓето кои што покажуваат добивка во вакви културни добра да ги ставаат средствата и јас се надевам дека дури други средства треба да наоѓаме и во делот на заштитата на културното наследство како што во овој период го покриваме со сето она што ни дава Светска банка како кредити и како прилог она што Министерството за култура ги пријавува и ги одобрува за користење на тие средства. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Ѓорѓиевски дали сте задоволен од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Михајло Ѓорѓиевски.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Очигледно министерот посака да ги оправда директорите кои што не му дадоа на македонскиот уметник Симон Трпчевски пристоен клавир, т.е. нов клавир да свири, но мислам дека недоволно образложи и не ги одбрани целосно. Затоа по мое мислење, му предлагам на министерот, т. е. го замолувам да ги казни, а на тој начин да ги вразуми. Најмалку што може да ги казни е тоа да ги смени од функцијата. Тие се должни на таков уметник, затоа што Симон Трпчевски не е некој сериски уметник, тој е врвен уметник, гордост на целиот македонски народ и на државата Македонија и на таков човек ако не му се даде ново пијанино, тогаш на кого друг ќе му го дадеме, за кого ќе служи.

Најмалку што може да направи министерот е да ги смени тие двајца директори за ум на другите што така ќе постапуваат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со поставување на пратенички прашања.

Збор има пратеникот Семјал Хасани.

**Семјал Хасани:** Ви благодарам господине потпретседател. Јас имам три прашања кои што се до Министерството за финансии.

Првото прашање е ова: Во Службениот весник од 17 јануари 2005 година е објавен Законот за приватизација и давање под закуп на градежно земјиште, каде што се предвидува во рок од шест месеци министерот за финансии да донесе законски указ за реализација на градежно земјиште во Република Македонија, така што овој закон да стапи во сила.

Од прилика пред два месеци се донесе овој указ, каде што е направена категоризација на градежно земјиште, меѓутоа, не се потврдени точните цени за секоја категорија. Оваа работа носи до блокада на процесот на приватизација и давање под закуп на градежно земјиште низ цела Република. Прашањето е ова: Зошто не постои

тарифник за оценување на земјиштето, посебно за секоја категоризација и зошто не е донесено паралелно со законската наредба.

Второто прашање е околу постапката за јавни набавки, која што во практика е покажана како многу нерационална, посебно кога се говори за градежни работи кои што секогаш се под притисок на времето. Една ваква постапка предвидена со закон ги спречува и администрацијата на секое ниво, и често пати знае да биде пречка за реализација на предвидени проекти и води до повредување на постапките од страна на разни авторитети, кои што се ставаат на нишан на јавноста. Бидејќи овој закон носи многу проблеми и компликации во практиката, дали имате волја да предожите нов закон, или да го измените постоечкиот.

Третото прашање е околу соодветното претставување на етничките заедници. Како што знаеме, за ова прашање е распределен посебен буџет во 2002, 2003 година и 2004 и 2005 година. Ме интересира во текот на овие три години со реализираните вработувања, колку од овој буџет е реализирано. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Мора да се внесат исправки во прашањето, не се работи за цени за закуп, туку се работи за цени за трансформација на општествениот карактер на градежното земјиште на кое се има право на трајно користење во приватно. Значи категоријата е многу различна од закуп и трансформација, меѓутоа, прашањето беше поставено за закуп, а се работи за трансформација.

Со законот треба да се донесат вкупно 13 подзаконски акти за да се реализира законот. Некои од тие акти ги носи Министерството за финансии, некои од нив ги носи Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за финансии и обратно, како сакате и некои од нив ги носи Владата на Република Македонија. Додека не се донесат сите не може да може да се започне постапката како треба, со оглед дека во меѓувреме се изврши и процесот на децентрализација во Република Македонија на дел од надлежностите, ние во комуникација со општините со цел да се утврди цената на можната трансформација согласно со нивните препораки и согласно со нивните видувања на лице место во секоја општина, откако тој процес ќе заврши, тогаш ќе се донесат актите и ќе се продолжи со реализација.

**Слободан Најдовски:** Молам, пратеникот дали е задоволен од прашањето или сака да постави дополнително прашање.

**Семјал Хасани:** Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање е исто така до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Тука госпоѓата пратеничка ќе добие прецизен одговор. Немам намера да го менувам Законот за јавни набавки и воопшто не се согласувам со констатацијата дека тој носи компликации во спроведувањето на јавни набавки за градежни работи. Напротив, тој не носи компликации, туку само ги тера оние кои секогаш имат итни работи, а вршат градежни работи за милион евра, навреме да си ги започнат активностите и да го заштитат буџетскиот денар, долар или евро, бидејќи често градежни работи вршиме и со меѓународни кредити од итни и неопходни постапки, кои најчесто доведуваат до нерационално трошење на средствата. Значи законот е во рамки на европското законодавство и директиви. Ако работите добро се планираат, а за градежни објекти мора добро да се планираат работите. Не можат да се започнат веднаш кога некој ќе помисли дека треба и законот само ги тера сите да работат со добри проекции, внимателно и во заштита на јавниот денар, а не ги комплицира работите. Затоа немаме намера да предложиме во тој дел нови измени.

**Слободан Најдовски:** Молам пратеникот да се произнесе дали е задоволна од одговорот, или сака да постави дополнително прашање.

**Семјал Хасани:** Јас не се согласувам потполно со оваа констатација, меѓутоа, во ред, бидејќи не постои таква волја, тоа е та. Во ред. Немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** На третото прашање ќе одговори министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Значи имаме разлики во видувањата за второто прашање и тоа е тоа.

Третото прашање, средствата што се одобрени во таканаречената програма на К5 во Буџетот на Република Македонија за правична и соодветна застапеност на етничките заедници во Република Македонија во буџетските установи, се реализираат согласно со програмата која ја утврдува телото на Владата, предводена од господинот Муса Џафери.

До овој момент Министерството за финансии ги има издадено сите согласности на нивото на обезбедени буџетски средства за 2005 година за етничките заедници. Дел од нив се веќе вработени, дел од нив веројатно се во постапка на вработување во Секретаријатот, каде што господинот Муса Џафери ја води целата постапка и се надевам дека ќе бидат доволно ефикасни да го завршат тој процес до крајот на 2005 година, што значи прецизниот одговор на ова прашање би бил дека од наша страна се издадени сите согласности на нивото на парите кои Парламентот за тоа, на предлог на Владата, ги има одобрено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Семијал Хасани да се произнесе дали е задоволна од одговорот на прашањето?

**Семијал Хасани:** Јас би ве замолила, доколку имаат можност, еден извештај со конкретни бројки од Буџетот да се даде, колку е планирано и колку е реализирано.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Во Буџетот беа предвидени околу 100 милиони денари, 99 милиони и нешто денари за вработување на етничките заедници, кои според проекцијата ако беа вработени сите на ниво на помлад соработник согласно законот за државни службеници, затоа што тој што го врши процесот на селектирање, господинот Муса Џафери, однапред не можеме да знаеме што ќе избере, на ниво на помлади соработници од етничките заедници беа предвидени средства за 420 вработени само по оваа програма. Таа ги склучува судството, образованието, Армијата и Полицијата на Република Македонија каде што има други програми, 420. Со оглед дека во текот на вработување се донесувани одлуки не само за помлади соработници, туку и за соработници, советници, и за раководители на одделенија и раководители на сектори, дури и за државни советници, чија плата во однос на помлади соработници е 2:1, 2,5:1, па дури и 3:1 зависно од категоријата на државни службеници, согласно законот, со овие средства наместо 420 ќе се реализираат некаде околу 290 вработувања, меѓутоа, на многу повисоки позиции од првично предвидените. Зошто така е одлучено и зошто така се прави, прашањето треба да се упати до господинот Муса Џафери кој го координира тој процес.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Исмет Рамадани.

Повелете господине Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Ви благодарам господине потпретседателе.

И јас имам три прашања, две упатувам до Владата и едно до министерот за финансии.

Прво прашање: По потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, односно по конфликтот од 2001 година, мислам некаде во декември месец, се одржа една меѓународна конференција на донатори на држави кои се солидаризираа за да и помогнат на Република Македонија за да излезе од кризата, односно за да ја надминеме кризата. На оваа конференција на донатори се доделија околу 500 милиони долари односно евра, не се сеќавам добро.

Прашањето што го упатувам до Владата, која логично треба писмено да ми одговори, е колку и каде се наменети односно потрошени овие средства, финансиски средства кои се доделени до денес и колку се остварени ветувањата на самите држави донатори на оваа конференција во Брисел.

Второто прашање исто така го упатувам до Владата. Тоа е следното.

Често пати се даваат проценки и констатации за општина Арачиново, дали има или нема безбедност во соодветнава општина. Јас како пратеник од ова подрачје, загрижен за самиот факт што почна да се создава еден имиџ исклучително негативен од страна на разни медиуми и од разни констатации за општина Арачиново, преземав иницијатива како пратеник, заедно со првиот претседател на општината од 1996 година, и заменикот началник тогаш на Министерството за внатрешни работи на Градот Скопје, да изнајдеме една формула за стабилизирање на состојбата, односно да создадеме еден мир во општина Арачиново. Мотивот беше дека тогаш претседателот на општината имаше добиено еден допис од амбасадорите овде во Република Македонија на САД, ЕУ и ОБСЕ, дека доколку не се создаде стабилност и не се констатира дека има стабилност во овој дел на земјава, значи во општина Арачиново и во општина Липково ќе се прекинат, односно нема да продолжат инвестициите во изградбата на инфрасструктурата и подобрувањето на секојдневниот живот во овој дел во ова подрачје. Оваа идеа која ја поставивме со тогашниот министер за внатрешни работи, која се прифати и од ОБСЕ, за да ангажираме 20 резервни полицајци за да ја стабилизираат состојбата во оваа општина, што се направи така, се создаде една исклучително успешна состојба во поглед на стабилноста во ова подрачје, што даваше гаранции да се продолжи со инвестициите односно со помошта за да се подобри инфраструктурата во овој дел. Веднаш дојде еден дел или една одлука со која резервните полицајци се разрешуваат од должноста, додека и понатаму се даваат проценки дека состојбата не е стабилна, посебно во Арачиново нема сигурност со самиот факт дека неколку дека претходно слушнавме дека Владата има предвидено посебна помош за раселените лица граѓани македонци и не се прават заложби во оваа насока да се создаде поповолна состојба за нивен повраток.

Прашањето е следното:

Од разговорите што сум ги имал неформално со премиерот и заменикот премиер, господинот Бучковски и господинот Џафери, ми ветија дека овие резервни полицајци ќе се вратат и во општина Арачиново ќе продолжи една состојба за да се стабилизира соодветната состојба, да им се даде можност да се вратат раселените и истовремено да продолжат инвестициите во оваа општина. Прашањето, се разбира, е упатено до Владата: Ќе се случи ли ангажирањето на резервните полицајци во општина Арачиново или не. Одговорот може да ми се даде и усмено.

И третото прашање:

Бидејќи од моментот кога ми беше верификуван мандатот како пратеник, пратеник на граѓаните

било каде што живеат во Република Македонија, овие денови мене ме загрижи фактот на 3000 производители на грозје, односно на лозарите од регионот на Кавадарци, иако претходно го слушнав министерот за финансии дека ова прашање почнало да се политизира, факт е дека почна да се политизира ова прашање, но најмалку сме ние пратениците виновници за тоа и најмалку се виновници самите производители на грозје, односно винарите од Кавадарци. И покрај тоа, сите постапки треба да одат во интерес на бизнисот и во интерес на тие кои произведуваат грозје, односно кои се лозари. Тука е и проблемот околу "Тиквеш", па се поставува прашањето до министерот до финансии дали е подготвено Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да платат одштета на лозарите од подрачјето во Кавадарци доколку поради проблемите на "Тиквеш", предизвикани од блокадата на ж-ро сметката од Министерството за финансии за кратко време да оди во ликвидација соодветната фирма. Доколку се случи ова, тогаш се разбира дека се бара одговор што ќе се случи со овие лозари.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Имаме барање од министерот за финансии, со оглед на тоа што има обврска, може ли господине Рамадани прво да одговориме на третото прашање, ако се согласувате, а после тоа на првите две прашања.

**Исмет Рамадани:** За првото прашање побарав писмено да ми се одговори, но ако може и усмено да ми одговори. . .

**Слободан Најдовски:** Право е на владата да се определи дали ќе одговори писмено или усмено, но наместо прво да се одговори на првото прашање, прво ќе добиете одговор на третото прашање.

**Исмет Рамадани:** Добро, се согласувам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Не разбрав, иако внимателно слушав, дали господинот Рамадани го постави прашањето во интерес на лозарите од Кавадарци, од четвртата изборна единица или во интерес на акционерското друштво, што е блокирано, меѓутоа, на тоа ќе одговорам.

Министерството за финансии не мисли да направи ништо спротивно на законите за прибирање и трошењее на приходите на Република Македонија. Другиот дел од одговорот го дадов претходно на прашањето на претходен пратеник, а во врска со договорите кои "Тиквеш" ги склучил со винарите се договори на приватни производители и компании меѓу себе, за кои Владата и државата Република Македонија нема никакво влијание ниту одговорност.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Рамадани, Дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање?

Немате дополнително прашање.

Другото прашање беше упатено до Владата на Република Македонија.

Има збор потпретседателот на Владата на Република Македонија, госпогица Радмила Шеќеринска, повелете.

**Радмила Шеќеринска:** До пратеникот, се разбира ќе доставиме писмена информација за тоа колкав дел од овие средства се искористени односно не се искористени, меѓутоа, да нема недоразбирања, средствата кои беа најавени на донаторската конференција не се средства кои се ставени на располагање на Република Македонија. Во еден дел се работеше за редовната билатерална или мултилатерална помош која што ја даваат земјите не само членки на ЕУ, туку и земји со кои имаме партнерски односи, самата ЕУ, а во еден дел се работеше за аранжмани кои ги имаме и со меѓународните финансиски институции. Меѓутоа, веќе подолго време се води таа база на податоци со средства кои се најавија и колкав дел од нив се искористени, а колкав дел од нив едноставно не се појавија, не беа потврдени од страна на некои од донаторите и од самата писмена информација ќе може пратеникот да донесе соодветни заклучоци.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам.

Ќе добиете писмен одговор во однос на правото прашање.

Второто прашање исто така беше упатено до Владата на Република Македонија.

Има збор потпретседателот на Владата госпоѓица Радмила Шеќеринска, повелете.

**Радмила Шеќеринска:** Бидејќи се работи за активности во доменот на Министерството за внатрешни работи, јас исто така би препорачала писмена информација.

Она што заборавив да го споменам само како корекција, средствата од Донаторската конференција изнесуваа некаде над 300 милиони евра, не 500 милиони евра.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Во однос на второто прашање ќе добиете писмен одговор.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Јордан Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Ќе гледам да бидам краток.

Почитуван потпретедател и претставници на Владата, ќе поставам три пратенички прашања од кои две се упатени до Министерството за транспорт и врски, но претставникот не го гледам.

Моето прво прашање е следното. Со оглед на тоа дека е крај на годината, се прават планови за наредната година, Владата ја составува својата програма, а исто така и министерствата, сакам да прашам дали во годинашната програма за развој ќе се најде магистралниот патен правец Куманово - Крива Паланка - Деве Баир - Бугарска граница, со оглед на тоа дека особено дел од патот од Ранковци до Крива Паланка е во незавидна положба, перманентно се случуваат сообраќајни несреќи, не личи на магистрален правец и не одговара на стандардите на фреквенцијата и обемот на сообраќај што се случува со соседна Бугарија. Инаку, овој патен правец, кога ќе дојде време да се подготвуваме и за Европската Унија ќе биде парадокс затоа што Европската Унија посветува внимание токму на развојот на патната мрежа што ги поврзува земјите на Европската Унија, знаеме дека Бугарија е пред нас и овој патен правец ќе биде единствен што нема да поврзува како што треба два града на две соседни држави, во случајот Скопје и Софија. Сакам да прашам дали во годинашнава програма на Министерството за транспорт и врски до јавните претпријатија што ги координира Фондот за патишта, односно " Македонија - пат", овој патен правец конечно ќе се најде во нивната програма. Тоа е едното прашање.

И бев побуден од одговорот на заменик министерот кога кажа дека Коридорот 10 е приоритет на Република Македонија, јас знам дека и Коридорот 8 е приоритет на Република Македонија со оглед на тоа дека граѓаните на Крива Паланка и Ранковци очекуваа многу со железничкото поврзување со соседна Бугарија. Да не зборувам за што се работи, но пред се и над се за мојата општина.

Сакам да прашам, со оглед на тоа дека има конкретни активности на меѓународни форуми, присуствувал нашиот министер, заменик министерот, претставници на Владата, дали конечно се движи нешто во овој правец овој Коридор 8, односно неговата програма да се остварува конкретно во случајот на железничкото поврзување.

И третото прашање е упатено до министерот за култура. Сакам да посочам и да го поздравам Министерството за култура за последната акција што ја водеше во североисточна Македонија, која беше пред се и над се во функција на развојот на културниот туризам. Морам да кажам дека од војната наваму ова е прва Влада во Република Македонија која доделува квалитетни средства со посредство на Министерството за култура и со посредство на Светската банка на Манастирот "Свети Јоаким Осоговски" и на црковните објекти во Крива Паланка и во Кривопаланечко. Во таа програма, во еден тим во кој бев и јас, во оценувачкиот тим на Министерството и Светската банка, се слеаја околу 300 илјади долари во Манастирот "Свети Јоаким Осоговски" и во црковните објекти во Крива Паланка. Тоа се случи и кога Манастирот "Свети Јоаким Осоговски" одбележуваше десет века, можам да кажам дека ова што е направено сега со парното загревање во Манастирот, со објектите кои се ревитализирани, навистина Крива Паланка има што да понуди во културниот туризам.

Благодарност искажувам и во името на Македонската православна црква, во органи и тела во кои сум и јас.

Како пратеник сакам да прашам сега дали и понатаму Министерството за култура ќе прави вакви проекти со оглед дека има интерес и со оглед на тоа дека со такви проекти можеме таа целина да ја заокружиме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Во однос на првото прашање има збор заменикот на министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Што се однесува за идните проекти на Министерството за транспорт и врски и Фондот за магистрални и регионални патишта, Министерството заедно со јавните претпријатија, фондови и управи во неговиот состав одржа заедничка средба пред извесно време, така што во тек е доставувањето на Прегледот на реализација на тековните проекти на органите кои се во состав на Министерството, а покрај тоа и Преглед на проектите кои се предвидуваат и планираат за наредните три години.

Во моментот е неблагодарно да дадам паушална и усмена проценка на прашањето од самиот пратеник така што во писмена форма можеме да доставиме преглед на проектите кои се во план и на Министерството и на Фондот за магистрални и регионални пратишта.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, ќе добиете писмен одговор.

По однос на второто прашање повторно има збор господинот Дејан Кошутиќ, заменик министер за транспорт и врски.

**Дејан Кошутиќ:** И за второто прашање генерално ние редовно ја информиравме јавноста за усилбите кои се прават во делот на изнаоѓање на можноста за довршувањето на железничкото поврзување помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. Имено, во корист на тоа доаѓаат и овие активности кои и пред малку во еден од одговорите напомнав во делот на активностите кои ги имавме преземено и во активностите кои се во моментот во делот на ПАН-Европските коридори така што и во тој дел пратеникот ќе добие писмен одговор така што ќе биде јасно поставено кои се активностите и какви се можностите во наредните година, две и три се преземат одредени активности во делот на тој дел од инфраструктурни проекти за кои пратеникот поставува прашање.

**Слободан Најдовски:** И на ова прашање ќе добиете писмен одговор, иако повеќето и усно се одговори.

По однос на третото прашање министерот за култура господинот Благој Стефановски.

**Благој Стефановски:** Почитуван Михајловски, се согласувам со сите ваши размислувања околу овој кредит од Светската банка за развој на општините преку културата. Средствата кои беа во првиот момент замислени и одобрени како дел за развивање на културниот туризам, меѓутоа само преку невладини организации и организации на граѓани, ние, по втората година, имајќи во предвид дека во заштитата на културните споменици има недостиг на средства, а бидејќи Министерството за култура може своите приоритети и политика да ги спроведе точно на такви споменици на културата, капитални дела.

Ние се изборивме пред Светската банка тоа да го правиме и на таквите проекти кои преку нашите заводи со проектите кои се одобруваат од Светската банка го направивме во многу градови и региони. Најпрвин тоа функционираше во три региони Пехчево, Делчево и Берово за да потоа го прошириме во 13 или 14 општини кои се поделени во 6 региони и во тој дел се направени и заштитени капитални дела во кои е и спомнатиот објект.

Овој кредит од Светската банка односно средствата беа зголемени со грантот од Холандската влада уште за милион евра и на тој начин го надополнивме тој недостиг на средства кои недостигаа во делот на заштитата на културното наследство. Тука го вклучивме и Скопје поточно Старата Скопска чаршија како јадро и уште неколку такви јадра кои сметаме дека се во интерес на заштитата на културното наследство во Република Македонија.

Кредитот истекува со шести месец 2006 година, до тогаш сите тие грантови во вид на конкруси ќе се објавуваат и ќе се реализираат. Тука ќе конкурираат граѓаните, а и Министерството за култура во своите проекти ќе ги користи.

Ги повикувам сите да прават и да даваат релативни предлози кои, ако бидат одобрени од комисиите кои се на ниво на општина, а потоа на Националната комисија и одобрувањето е од Светската банка. Ќе направиме до јуни да го направиме тоа на најдобар можен начин и ќе бараме да продолжи кредитот, бидејќи се покажа дека тој многу успешно ни го надополнува во овој момент недостигот на квалитетни средства за заштита на културното наследство. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Михајловски дали сте задоволен од одговорот на прашањето или сакате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Целосно сум задоволен и мислам дека ова охрабрува, ова е навистина една издржана културна политика во која многу региони ќе заживеат на ваков начин во сферата на културниот туризам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Објавувам пауза од 1 час, продолжуваме во 15,00 часот.

Следен за поставување пратеничко прашање е госпоѓа Ристана Лалчевска.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам и пратениците и претставниците на Владата да влезат во салата.

Одиме по редоследот кој ни беше доставен.

За поставување пратенички прашања следна е пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Би имала три прашања да поставам, но бидејќи не се сите министри сеуште тука, тука е министерот за образование, па прво би почнала со прашање до него.

Прашањето се однесува за целодневната настава.

Ги знаеме сите настани околу целодневната настава, најавата неколку дена пред почетокот на учебната година дека ќе биде укината, па потоа дека ќе продолжи, па дека ќе трае до полугодието, па последната информација е до крајот на оваа учебна година и навистина во сите оние информации кои одеа во медиумите родителите се збунети и прашуваат за целодневната настава како досега таа се финансирала, од кои средства се плаќал досега вториот наставник во целодневната настава затоа што изјавивте нема средства за вториот наставник и дека мора да се укине целодневната настава, а знаеме дека секој родител кој има дете во целодневна настава сега плаќа по 1.600 денари месечно.

Каков е ставот на Министерството околу опстојување и понатаму на целодневната настава.

Второто прашање е до заменик министерот за труд и социјална политика.

Согласно Законот, сега ќе ме извините точниот наслов не го знам, меѓутоа, тоа е Законот со кој се регулираат односно обезбедуваат правата на членовите на семејствата на загинатите припадници на безбедносниоте сили. Според овој Закон членовите на семејствата добиваат еднократна парична помош во висина од 30 просечни плати, право на вработување, доколку се невработени, право на стан ако го немаат решено станбеното прашање и право семејна пензија.

До пратеничката група на ЛП се обратија неколку родители на деца кои загинале во безбедносните сили и побараа да им се објасни зошто дел од тие родители на загинатите припадници им е одбиено правото на семејна пензија со образложение дека не биле издржувани лица од страна на загинатиот припадник односно еден од родителите користел право на лична пензија, а другиот бил издржувано лице.

Истите тврдат дека некои од семејствата на загинатите припадници во одделни подрачни

единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се здобиле со право на користење на семејна пензија иако еден од родителите имал своја лична пензија. Значи, под исти услови едни добиле право на семејна пензија, а други биле одбиени со образложение дека едниот од родителите е корисник на лична пензија.

За да ги отстраниме забуните и да дојдеме до вистината јас би побарала од Министерството за труд и социјална политика, претпоставувам дека тоа ќе оди писмено, да достави податоци затоа што не се работи за голема бројка, колку од барателите по овој основ добиле семејна пензија, само во делот на семејна пензија, колку од нив се одбиени и поради кој основ се одбиени, за да видиме дали имале подеднаков третман сите семејства на припадниците на загинатите во безбедносните сили.

Третото прашање би го насочила до Владата, затоа што не можам да го лоцирам конкретно до ни едно министерство, се однесува на опасноста од ширењето на птичјиот грип. Мислам дека минатиот четврток Владата заседаваше и требаше да одобри дополнителни средства за справување со опасноста од птичјиот грип.

Ме интересира дали Владата разви стратегија и има некоја стратегија како ќе ја следи опасноста односно од птиците преселници кои прелетуваат над нашата земја во поголем број, тие застануваат покрај езерата и реките и опасноста да бидат заразени пред се домашните птици оние кои претстојуваат на нашата територија од овој вирусен грип е голема со оглед дека и во целото соседство се појавуваат случаи на птичји грип и мислам дека Владата треба да развие стратегија и прашањето се однесува токму на тоа.

Дали има определена стратегија за следење на состојбите и за благовремено и навремено реагирање во случај на сомнителни и преземање на определени мерки за заштита на населението од овој вирус. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Првото прашење е до Министерството за образование и наука.

Има збор господинот Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Благодарам почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани пратеници,

Користам прилика уште еднаш да ја објаснам состојбата за која вие госпоѓо пратеничка во вид на пратеничко прашање ми го поставивте.

Имено, пред неколку дена Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието организираше една расправа во присуство на претставници од родителите каде беа разменети мислења и јасно беа искажани нашите ставови по однос на ова прашање. Но, добро е и од ова место ова ваше прашање дополнително да го објасниме во врска со овие состојби.

Прво, Министерството за образование и наука не ја укинува целодневната настава и дневниот престој како што се организира по училиштата, но имајќи го предвид начинот на финансирање досега и начин на финансирање што е предвиден во Законот за основно образование каде не е предвидено на било каков начин консолидирање на финансирањето на образованието и обезбедување на два наставника за настава на тоа ниво до четврто одделение основно образование, не само оваа учебна година, туку одкако се донесе тој Закон ние пристапивме кон постепено прилагодување на состојбите кога ќе дојде до распределба на средствата врз база на таа формула во склоп на тие блок дотации, да не се дојде до одредени состојби кои можат да ги нарушат односите од таквите очекувања од досегашната пракса и инерција.

Имено, досега сме правеле обиди постепено тоа да го прилагодуваме преку помал број на давања на вработувања од определен карактер на таквите места и оваа година отидовме чекор понапред да создадеме клима и чувство, а и ниво на свест кај сите чинители од овој сегмент дека ќе треба уште поефективно да го прилагодуваме овој начин на настава со начинот на финансирање кој неминовно ќе дојде по една година 2007 година.

За да тоа се надмине, дека нема дилема дека оваа дополнителна настава не може да се плати од Буџетот на Република Македонија, туку Буџетот претендира да овозможи еднакви услови за сите во образованието на целата територија на Република Македонија при што ние никому не браниме во склоп на финансиските можности што ги има општината, родителите и училиштето преку разни начини да обезбеди и таков начин на настава во функција на подобро образование, во функција на помагање на родителите и излегување во пресрет на тие желби.

Повторувам дека нема да може, и да сакаме, да обезбедиме два наставника од идната година кога ќе се префрлуваат блок дотации за таква намена и затоа пристапуваме кон прилагодување на финансирањето во однос на таквите состојби.

Имајќи предвид дека во Скопје и во само едно училиште во Велес тоа се организира, дека имаме одреден број вработени лица кои од овие причини можат да се користат за апсорпција на сите вработени во образовниот систем без вработен на определено време или да го губи своето работно место, значи нема технолошки вишок, увидовме дека тоа е можно и ќе го направиме.

Поради динамиката и поради сензитивноста и поврзаноста со една традиција која, еве како што гледате, не е лесно да се прилагоди, ние прифативме договор со градоначалниците во текот на оваа година да го направиме на начин на кој би имале простор добро да го испланираат и заедно да го направиме за да се организира настава која е повеќе од тоа што е гарантирано од страна на државата.

Во процес сме на прилагодување и до крајот на оваа буџетска година јасно ќе треба да се поставaт работите затоа рокот е до крајот на оваа година, а веќе идната значи не е буџетска година слична со педагошката година, со годините предвидени во системот на образованието, мислам дека ќе мора да се прилагоди уште од оваа година на начин идната година да не предизвикува таков проблем затоа што како што реков идната година ќе почне да функционира системот на финансирање врз база на Законот за основно образование, а ние не би сакале во такви услови било која општина, било кој родител или училиште да се најде во една пронтно настаната состојба која ќе биде многу тешко да се решава.

Оставаме доволен простор овој проблем соодветно да се третира и сите чинители да бидат свесни за политиката која ќе треба да се води во оваа насока. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Полжани.

Госпоѓо Лалчевска дали сте задоволна од одговорот или сакате дополнително да поставите прашање.

Има збор пратеникот Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Господине министре јас ве разбрав во делот од одговорот за начинот на финансирање и прилагодување на новиот начин на финансирање кој е веќе предвиден во процесот на децентрализација со блок дотации и понатаму локалната самоуправа на чија територија се наоѓаат основните училишта ќе треба да си обезбедат начин во содејство со родителите да обезбедат средства за функционирање на таквата настава.

Меѓутоа, не добив одговор на првиот дел од прашањето како досега се финансираше затоа што родителите партиципираат со одредени средства, дали со тие средства се покриваше вториот наставник или Министерството и досега одвојуваше буџетски средства.

Во тој дел не ми појаснивте за да можеме да видиме како било досега финансирањето на вториот наставник во целодневната настава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** На дополнителното прашање ќе одговори министерот за образование господинот Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Мислам дека е јасно дека досега се финансираше од државата и затоа причинува проблем. Да беше досега финансирано од тие средства кои ги дава родителите не би било никаков проблем ниту за мене ниту за државата.

Проблемот е што досега имавме само во одредени места, во одредени училишта два наставника за една група ученици од таа причина.

Тоа нема да биде можно понатаму, затоа велам кога би било од родителите или посоодветен начин на финансирање на оваа настава, кој по мене е посоодветен? Веројатно појаките општини како што се скопските ќе изнајдат начини како од Буџетот кој го имаат да обезбедат подобри услови за образование што е предвидено со Закон.

Можности за буџетско финансирање на образованието е тоа што е предвидено со Закон, а никому нема да му биде забрането или укинато некое право да реализира во склоп на Законот за локално финансирање и за образование во склоп на својата општина, со свои средства, да обезбедат подобри услови за образование.

Со тоа ќе се препознаваат подобрите градоначалници, подобрите општини како ќе ги ориентираат тие средства кои ќе ги добиваат од разни ставки. Дали за нешто што е комерцијално или ќе има свест да се ориентираат одредени средства, ако ги имаат, а овие што имаат ќе ги дадат за цели кои се јасни на сите. Затоа мислам дека е проблем поради тоа што досега финансираше државата, но, за жал, не ќе може понатаму да се финансира. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање е до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор заменик министерот господинот Самка Ибраимоски.

**Самка Ибраимоски:** Благодарам потпретседател,

Почитуваната пратеничка постави прашање дека има повеќе одбиени бранители за користење на семејна пензија.

За добивање на таа семејна пензија постојат критериуми, тоа е во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Доколку не ги исполнуваат критериумите за добивање на таа семејна пензија тие се одбиени.

Би поставил едно прашање до пратеничката доколку има такви кои мислат дека се одбиени од неоправдани законски прописи да се обратат до нашето Министерство, да видиме кои се причините за одбивањето на таа семејна пензија.

Второто потпрашање дека ја користи личната пензија, а ја користат и семејната пензија, тоа значи дека тој што користи лична пензија може да бира користење на пензија на бранителот, ако е поголема, го зема коефициентот на пензијата што е поголема, се откажува од личната пензија, а ја добива семејната пензија.

Тоа значи дека не може во ист момент да ги добива двете пензии.

Затоа би насочил, сега не знам од кој дел на Македонија се тие одбиени за добивање на таа пензија, па би замолил да се обратат до нашите подрачни единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување или да се обратат до нашето Министерство кое ја води оваа проблематика, па во писмена форма односно да им објасниме кои се критериумите за добивање на една таква семејна пензија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Прво, господине заменик министре да нема забуна, јас кажав дека еден од родителите користи право на лична пензија, а другиот родител е издржувано лице.

Сега, оној родител кој нема своја лична пензија бара право на семејна пензија по овој основ.

Имам информација, затоа барам да потврдам дали се точни или не ,тоа е од кажување на родителите кои биле одбиени, да речеме таткото има своја лична пензија, а мајката нема пензија и бара семејна пензија по основ на загинат бранител.

Во одредени подрачни единици се дадени семејни пензии, а во одредени се одбиени, со образложение дека не се издржувани лица, а не да одберат една од пензиите.

Значи, едниот родител прима пензија едниот не прима, а се работи за загинати во периодот 1991 година, значи при распадот на Југославија, од таа категорија, тие се некаде околу 30 и нешто случаи, не ја знам точната бројка, само за таа категорија.

Точно за нив сакав информации кои се и затоа реков дека не се многу, кои добиле, кои се одбиени и по кој основ за да видиме дали имале еднаков третман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот господинот Самка Ибраимоски,

**Самка Ибраимоски:** Видете, по двата основа не може да се добие пензија. Кога едниот во семејството користи пензија не може и другиот да користи пензија на бранител. Корисникот на личната пензија одлучува дали ќе ја користи својата пензија односно пензијата на бранителот.

Од тие причини не може по двата основа да се користи пензија. Затоа реков, според вашето појаснување јас така го давам одговорот. Доколку има нешто друго нека се обратат или во нашата подрррачна единица од каде доаѓаат или во нашето Министерство, па ние ќе образложиме кои се критериумите за добивање на една таква пензија.

Треба да сватите дека постојат критериуми, односно постои закон за пензиско и инвалидско осигурување. Тие критериуми се запишани во Законот и врз база на тие критериуми се дели таа пензија.

Доколку имате такви случаи јас би кажал да се обратат до нашата служба, подобро би било до нашето Министерство, еве јас бидејќи сум веќе во тек со поставеното прашање, па ќе видиме врз која база односно врз кои критериуми не е дозволена таа семејна пензија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** По однос на третото прашање поставено до Владата ќе одговори заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, господин Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Болеста птичји грип ја вознемири оправдано јавноста и Република Македонија со првиот ден на објавување дека постои можност да се појави болеста птичји грип ги превзеде сите активности преку тоа што најпрво формира едно координативно тело составено од еминентни стручњаци не само од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и од сите научни институции кои што се стручни од таа област и комплетно направи програма како би се заштитила Република Македонија од евентуална појава на птичјиот грип.

Значи, превземени се сите мерки во однос на забрана на увоз и на извоз на животни и превземени се активности околу зајакнување на контролата на границите, превземени се активности околу селидба внатре во самата држава на перјани животни, преземена е активност во однос на вакцинирање на сите домашни кокошки односно птици кои што се чуваат надвор од фармите како семејни мали фарми и тоа со средства обезбедени од Буџетот според Законот за здравствена заштита на животните. Поради таа мобилност на сите ветеринарни станици и Управата за ветерина при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е откриен и еден сомнителен случај на кокошка заболена од грип, меѓутоа таа мостра веќе е стигната во Лондон каде што очекуваме конечен резултат дали е точно таа болест, или се работи за некоја друга болест.

И покрај тоа што не е официјално потврдено дека во Република Македонија има птичји грип превземени се сите мерки и активности за да се заштити евентуалната појава на птичјиот грип.

Во однос на перјастите животни кои што се преселуваат, птиците преселници, кои што тешко се контролираат бидејќи тие не познаваат граница, превземени се активности да нема ловење, значи забрането е ловење на перјасти животни се со цел да се оневозможи евентуално пренесување на таква болест. На сите места каде што се смета дека би застанале птиците преселници се обезбедени и местата каде што има сомнеж дека можеби ја има оваа болест се целосно изолирани и се уништени сите животни во околината за која се сомнева дека би можело да се појави болеста птичји грип.

Значи, да заклучам, како одговор на прашањето, Владата на Република Македонија преку Министерството ги има преземено сите активности за заштита од оваа болест.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Госпоѓа Лалчевска дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Господине заменик министер, јас токму поради случувањата кои се познати на јавноста со мострата која што требаше да стигне во референтната лабараторија во Лондон и сите оние настани околу нејзиното патешествие го поставив прашањето, затоа што таков настан укажува дека државата нема стратегија. Како можеше да ни се случи ако имавме план и стратегија мострата да патува повеќе од десетина дена до Лондон.

**Слободан Најдовски:** Господине Џамбазовски, повелете дополнително.

**Санде Џамбазовски:** Ние мострата не можевме да ја испратиме директно во лабараторијата во Лондот и затоа се обидовме.

(Во салата пратениците разговараат меѓусебно)

**Слободан Најдовски:** Ве молам, без дофрлувања. Доколку сакаме да добиеме одговор на прашањето, ако не можеме да преминеме на поставување на други прашања.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Со оглед дека имавме еден сомнеж на евентуална појава на птичјиот грип кај една кокошка и таа кокошка ја испративме во Лондот во лабараторија овластена која ќе даде конечен резултат дали е таа болест за која ние се сомневавме. Меѓутоа, како не бевме регистрирани за директно да ја испратиме со брза пошта мострата во Лондон. Тоа го направивме така како што го направивме, во јавноста е познато, со авион и тн. Се изгубија неколку дена во тој дел и сега таа мостра односно тој примерок е стигнат во лабараторијата и очекуваме овие ден, два да имаме конечен резултат. Така да, со регистрацијата за директно испраќање на такви случаи во таквите лабаратории веќе е завршено кај нас и не дај боже евентуално при испраќање на други проби ќе биде многу поекспедитивно и ќе биде многу брзо. Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор за поставување пратенички прашања пратеникот Ќенан Хасипи.

Повелете господине Хасипи.

**Ќенан Хасипи:** Благодрам господине потпретседателе,

Јас првото прашање ќе го упатам до потпреседателот на Владата, госпогица Шекеринска во отсуство на господинот Муса Џафери како претседател на Комитетот на министри за правична и соодветна застапеност.

Имено, општа е констатацијата и статистичките показатели покажуваат дека застапеноста на припадниците на помалите етнички заедници во органите на државната власт на сите нивоа е испод секој минимум и овој Комитет во тој правец е надлежен да ги исправи состојбите.

Ова особено повеќе тоа што кога е во прашање турската етничка заедница во четири министерства нема ниеден вработен припадник од турска етничка заедница. Тоа се Министерството за здравство, Министерството за просторно планирање и животна средина, Министерството за локална самоуправа и ако не се лажам Министерството за транспорт и врски.

Прашањето ми е следно.

Бидејќи три години се провлекува ова мое прашање што планира Владата, а посебно ова трио на потпретседатели да се мрдне цифрата од нула. Мислам дека тоа е испод секоја критика и прашањето ми е во тој правец.

Дали до крајот на овој мандат оваа Влада ќе направи нешто во овие четири министерства да има припадници од турската етничка заедница.

Второто прашање е упатено до министерот за образование и наука.

Кои се причините на бојкот на наставата на над 100 ученици во селото Урвич Тетовско и што планира Министерството за образование и наука да превземе за да прекине бојкотот на наставата и дали министерот за образование и наука планира да прими делегација од Штрајкувачкиот одбор за да изворно го информираат за причините на штрајкот.

Третото прашање исто така се однесува до министерот за обраование и наука.

Јас ќе морам господине потпретседателе да прочитам дел од одговорот на мое прашање поставено на 29 јуни 2004 година во врска со отворање на паралелки за настава на турски јазик во училиштата "Страшо Пинџур" - Карбинци, "Ванчо Прке" - Штип - Подрачно училиште село Селце и "Ванчо Китанов" - Пехчево - Подрачно училиште село Црник.

Во дел од одговорот стои вака: "Во Основното училиштата "Страшо Пинџур" - Карбинци, во подрачните училишта во селата Кучица, Оџалија, Кочувало и Парналија организирана е настава на турски јазик во комбинирани паралелки. За вкупно 49 ученика од турска националност наставата е организирана од наставници од турска националност кои не се соодветни на нормативот на програмата", што е сосема точно. "Во претходната година беше организирана настава на турски јазик и во Подрачното училиште во село Каузија за 11 ученика, меѓутоа со барање и искази на родителите оваа година истата е укината". Посебно индикативна е следната реченица: "Од петто до осмо одделение во ова Основно училиште учат вкупно 29 ученика од турска националност кои досега не се изјасниле дека сакаат да се образуваат на турски јазик", значи се образувале до 4 одделение и сега треба да се изјаснат дека сакаат да продолжат до осмо одделение. Многу чудна формулација.

Во Основното училиште "Ванчо Китанов" - Пехчево, село Црник доставено е до Министерството за образование и наука согласност за организирање на факултативна настава за турски јазик за 42 ученика. Исто така согласност е дадено за факултативна настава во Основното училиште "Димче Ангелов-Габерот" -

Демир Капија - Подрачно училиште село Горешница, а вели "Основното училиште "Ванчо Прке" -Штип - Подрачно училиште село Селце нема барање и заинтересирани ученици за настава на турски јазик. Тоа барање е поднесено оваа година и повторно по ист терк, на припадниците на ученици од турска националност и се нуди факултативна настава на турски јазик. Согласно кој член од Законот за основно образование се нуди ова го прашувам министерот и согласно кој член од позитивните законски прописи во оваа држава треба од петто до осмо одделение учениците што прателе настава на турски јазик да се изјаснуваат дека сакаат да продолжат настава на турски јазик.

Јас можеби ќе го разберев одговорот доколку беше заради немање на кадри и тн., тогаш сосема во ред, меѓутоа дека не се изјасниле дека сакаат да учат на турски јазик значи ли тоа дека учениците од турската етничка заедница секоја година треба да се изјаснуваат дека и наредната година сакаат да продолжат настава на турски јазик. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам,

Прво одиме на од училиштата "Страшо Пинџур" - Карбинци, говор на второто прашање.

Има збор министерот за образование, господинот Азис Положани.

Повелете господине Положани.

**Азиз Положани:** Благодарам потпреседателе,

Во врска со првото прашање до министерот за образование и наука во врска со штрајкот на учениците од село Урвич - Тетовско или сега новата општина Боговиње запознаен сум со причините на штрајкот. Од страна на министерството се превземени конкретни активности за расчистување на состојбата и средување на овие односи.

Имајќи ги предвид и барањата на родителите и бидејќи се работи за однос каде што мора да се вклучи и локалната самоуправа јас во моето укажување и писмо преку Инспекторатот сме побарале вклученост и на локалната самоуправа во овој контекс да се решава, но нормално дека сите нивни барања не се основани и неможат да бидат причина таквите барања за штрајк.

Затоа според Законот тие треба да си ја започнат наставата, затоа што климата за надминување на проблемите не е најсоодветна и сигурна дека во Министерството штрајкот, или било кој нив да ги претставува сигурно дека има кој да ги прими и ќе бидат примени секогаш, но во никој случај со ултимативни барања и со штрајкувања. Штрајкувањето не е начин на кој што тие можат да наметнат некои решенија, иако и без тоа некои од нивните барања ги ценам за основани и упатствата спрема Инспекторатот и Инспекторатот од својот увид има дадено насока на исполнување на некои од нивните основани барања, но сигурно дека очекувам штрајкот да биде целосно прекинат и наставата да почне да се одвива како што со закон е предвидено.

Во однос на проблемот со стручната настава во одредени средини во Источна Македонија...

**Слободан Најдовски:** Момент господине министре.

Господине Хасипи во врска со второто прашање дали сте задоволни или сакате дополнително да поставите прашање.

Има збор пратеникот Ќенан Хасипи.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам.

Јас иако сум лично убеден дека сите барања не се оправдани, меѓутоа би било добро делегација од Штрајкувачкиот одбор да прими министерот за образование за да му ги пренесат нивните барања и во тој контекст да се најде решение на проблемот, бидејќи премногу долго трае штрајкот, а тоа би било на штета на учениците. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Положани имате ли нешто дополнително вие.

**Азиз Положани:** Во однос на првото прашање ќе кажам уште еднаш дека штрајкот не е начин и не може да биде метод на кој што ќе се наметнат некој ставови кои што понекогаш имаат и димензии и ги надминуваат моите ингеренции. Затоа ако ми се дозволи ќе продолжам со второто прашање.

**Слободан Најдовски:** Имаше конкретно прашање дали би оствариле средба со претставници...

**Азиз Положани:** Повторувам, штрајкот не е начин да се реализира средба со министерот.

(Реакција на некои пратеници од место)

**Слободан Најдовски:** Момент, момент, момент,

По однос на второто прашање повелете, ваше право е како ќе одговорите.

Има збор министерот за образование и наука, господинот Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Ќе го објаснам и тоа. Тоа не значи дека тие не се соодветно третирани и примани . Министерството е отворено и ќе ги прими сигурно, но велам дека не сме спремни за ултимативни барања. А тоа, дали ќе ги прими министерот, заменикот, или соодветен претставник со овластувања мислам дека е помалку важно.

Во однос на второто прашање кое што со право господинот пратеник го покренува имаме една состојба во Источна Македонија во општините Карбинци, Штип и некои села околу нив, каде што се создаде една атмосфера во која што, верувајте, во однос на законските обврски и законските можности што ги дава не е лесно и сеуште не е лесно да се изнајде на некој начин соодветно решение. Би рекол соодветно, односно стварно, точно е тоа, можеби и пратеникот ќе биде изненаден што кажувам дека одредена група на родители или тие што ги оценуваат понекогаш барањата не одговараат исто во однос на некои барања зависно кои и спрема кои. Според тоа, тоа е една состојба која

што наметнува една конфузија и имајќи ги предвид овие аспекти испратив таму една специјална комисија за да расчисти некои работи и со која дојдовме до овие сознанија, кои што за жал се такви.

Сигурно дека таму се направени напори за да се изнајдат решенија согласно Законот. Точно е тоа, иако не е наведено најверојатно во одговорот дека има и кадровски проблеми на некои места, но јас би сакал да кажам дека сум определен и убеден дека само за конкретно решение и користењето на законската основа и правата што ги дава законот е единствено најдобро решение кое што може да биде за секој граѓанин на Република Македонија. Јас ќе направам пак една ад хок комисија само за разгледување на оваа состојба и уште еднаш ќе ги разглеам таквите состојби, затоа што пак ќе повторам, за жал при такви потреби кои што се максимално објективни, јас го уверувам пратеникот јавноста, максимално објективни комисии не изнаоѓаме еднакви аргументи кога се соочуваме со одредени групи кои што таму сакаат да го реализираат, или го претставуваат, или сакаат да пристапат кон реализација на едни права. Тоа е веројатно поради околностите кои што јас можам да ги претпоставам, веројатно е нешто кое што е во консолидација  со правото на образование кое што не е лесно да се остварува во такви услови кога немаш кадри и тн., но мислам дека нема никаква законска пречка, ниту политичка тоа да се реализира како што треба.

Јас уште еднаш ќе укажам да се разјасни уште еднаш состојбата  и сега во почетокот на годината кога може уште да се интервенира ќе организирам објективно уште еднаш да се оценат состојбите во функција на исполнување на тоа што е со закон предвидено за секоја заедница во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодаам господине министре.

Господине Хасипи, дали сте задоволни од одговорот на прашањето?

Повелете, има збор пратеникот Ќенан Хасипи.

**Ќенан Хасипи:** Да, јас ја поздравувам волјата на министерот уште еднаш да се разгледа прашањето на образованието во овие општини што ги напомнав. И јас сум за тоа да се почитува законот. Право е на слободна волја на кој јазик сака да се образува, меѓутоа треба да се испочитува таа волја.

**Слободан Најдовски:** По однос на првото прашање до Владата на Република Македонија ќе одговори потпретседателот на Владата на Република Македонија, госпоѓица Радмила Шекеринска.

Повелете госпоѓице Шекеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам, јас не сум заменик на заменикот, но претпоставувам дека пратеникот сакаше да го упати прашањето до Владата.

Политиката на правична застапеност е една од политиките на оваа Влада и како таква заслужува внимание и кога се зборува за најголемата мнозинска етничка заедница, за албанската, меѓутоа се разбира и за другите.

Би сакала да кажам дека на ниво на јавната администрација токму во овој период, изборен, мандатен на Владата процентот, учеството на турците во државната администрација е зголемен за 15%. Се разбира тоа не е доволно, бидејќи сеуште не сме го постигнале оној лимит кој што го сметаме за наша цел, а тоа е што е можно поблиску до вистинското учество на турската заедница во вкупната популација во Република Македонија.

Свесни сме дека во одредени институции состојбата е подобра, а во одрредени институции, од различни причини е полошо. Токму поради тоа акцентот во почетокот беше ставен на подобрување на правичната застапеност и учество на сите етнички заедници, особено во полицијата и армијата и таму овие податоци се и подобри. Меѓутоа сакајќи да ја урамнотежиме оваа разлика, побаравме од сите институции да изработат свои годишни програми за постигнување на правична застапеност која ќе се однесува на сите етнички заедници. Како такви приоритет добија токму институциите каде тоа е најголем проблем. Еден дел од нив веќе работат на подобрување на застапеноста, особено на другите етнички заедници. Според мои информации во моментов течат одреден број на конкурси кои ги реализира генералниот секретаријат на Владата, под онаа ставка К-5 која е дефинирана во Буџетот и потоа, токму вработените во Генералниот секретаријат ќе бидат испратени да работат во министерствата каде токму овие податоци се најлоши. Конкретно сега не ги имам бројките за министерствата што ги спомна пратеникот, меѓутоа целта ќе биде токму каде најлошо стоиме, таму да се интервенира во слединит период. До сега Владата мораше генерално да работи на зголемување на правичната застапеност. Спомнав, кај Турците таа е зголемена за 15%. Трендот ќе продолжи и треба да се засили. Убедена сум дека следната година ќе имаме и подобри резултати на тој план.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Хасипи дали имате да поставите дополнително прашање?

Има збор господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:**  Не се спорни заложбите на Владата за подобрување на состојбите, меѓута резултатите се сосема поинаку. Обично при распишување на конкурсите најмалку внимание се посветува на припадниците на помалите етнички заедници, вклучително и турската заедница. Не случајно јас адресирав четири министерства каде наназад веќе три години апелирам да се стори нешто во тој правец, барем во тие министерства да се направат почетни чекори, да се вработат припадници не само на

турската заедница туку и на дурги кои буквално со ниеден не се застапени во тие министерства. Јас се надевам, она што рече потпретседателката, во наредниот период ќе се реализира оваа идеа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор потпретседателот на Владата, госпоѓицата Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Ги прифаќаме сугестиите и на господинот пратеник, меѓутоа не е точно дека не е направено ништо.

Како што споменав бројката само кај турската етничка заедница е зголемена за 15 %. Тоа е она што досега е направено, а се согласувам да се води повеќе сметка за овие четири министерства што ги спомнавте.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување на пратенички прашања е пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски :** Благодарам.

Првото прашање ќе го поставам до Владата.

Пред три дена Кмисијата за хартии од врадност кажа дека не е овластена да поништува извршени трансакции на берза и барателите од Тиквеш ги упати на суд, бидејќи трансакцијата може да се поништи само со судско решение.

Прашувам, како тогаш истата таа комисија, во 2004 година со истиот претседател Весна Пендовска ја поништи трансакцијата на берза, извршена во 2001 година, помеѓу фирмата АРАРАТ од Србија и Црна Гора и државата Македонија. Кога таа не ја зборуваше вистината, пред три дена со случајот Тиквеш кога рече дека не е овластена, или во 2004 година со случајот АРАРАТ кога кажа дека е овластена.

Второто прашање ќе го поставам до министерот за економија.

Во ЕМО во тек е отпуштање на работници како технолошки вишок и во исто време примање на нови работници на истите работни места.

Како надлежно министерство, Министерството за економија, барам да ми одговори дали од вашиот повереник во ЕМО сте запознаени со програмата за технолошки вишок според која до крајот на годината од ЕМО ќе се испуштат 700 работници. Барам ако ја имате програмата да ми биде доставена, а ако не да ми одговорите дека ја немате.

Третото прашање е до Владата.

Решавањето на станбеното прашање во државата е голем проблем за сите, па така и за македонската малдина. Не можнста да обезбедат стан ги води младите кон демотивирање за склучување бракови, или напуштање на Република Македонија. Со тоа се намалува наталитетот на државава и нацијата брзо стареe.

Прашувам, дали Владата планира активности со кои би го решила егзистенционалниот проблем на младите луѓе и во кој правец размислува да го реши станбеното прашање на младите луѓе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Првото прашање веше упатено кон Владата на Република Македонија. Ќе одговори заменик претседателот госпоѓица Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Владата писмено ќе одговори, бидејќи се бараше одговор не од конкретно министерство туку индиректно од Комисијата за хартии од вредност.

**Слободан Најдовски:** На првото прашање ќе добиете писмен договор.

Второто прашање е упатено до Министерството за економија. На почетокот не извести дека денес нема да имаме претставник од Министерството за економија, и ќе добиете исто така писмен одговор.

Третото прашање повторно е упатено до Владата на Република Македонија.

Има збор заменик претседателот на Владата на Република Македонија, госпоѓица Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Владата во моментов развива неколку проекти со кои треба да се обезбеди изградба или стимулирање на изградба на стаови кои ќе бидат на располагање и на млади брачни двојки и на други заентереситани граѓани по поволни услови.

Се разбира дека еден од големите хендикепи е што дури и становите кои беа во сопственост на државата односно со кои располагаше ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор, не можат да бидат искористени и за овие потреби и да се понудат под рамноправни услови на пазарот на станови затоа што сме сведоци дека огромен број на вакви станови денес се диво вселени. Токму поради тоа јавното препријатие кое стопанисува со овој простор инициране нивна продажба по транспарентни услови понудени на целата јавност, со кои сакаме да се раши овој проблем и навистина да не доминира ситуација во која огромен број на овие станови сосема се повлечени од употреба и се цел на граѓани кои го злоупотребиле овој институт и оваа можност. За жал, Владата веќе неколку пати дискутираше и го информираше и Собранието, на барање на еден пратеник за состојбата со едни други станови, исто така во државна сопственост кои, за жал биле злоупотребени од некои функционери кои ги купиле под апсолитно непазарни услови и кои наместо да бидат понудени токму на млади брачни двојки, на граѓани кои чесно и под исти услови би ги стекнале, овие станови биле доделувани под рака и апсолутно без постоење на било каква постапка. Владата и тука покрена иницијатива да ги врати или назад во владеење, да го оспори овој процес. За жал, тука сеуште не сме целосно успешни. Меѓутоа, до колку има потреба и од некои дополнителни информации, Владата е подготвена да ги даде.

Оние проекти за кои јавноста веќе се информираше, а кои Владата ги претстави токму како напори за да се намали цената, да се

олеснат условите за стекнување на стан, веќе беа познати на јавноста и се дискутираше еднаш во Собранието.

**Слободан Најдовскин:** Благодарам.

Господине Шајноски дали сте задоволни од одговорот или сакате дополнително да поставите прашање?

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Потпретседателката ми одговори нешто што јас не прашував. Тоа што го кажуваше може да го реши затоа што таа е власт.

Јас сепак би констатирал конкретно да ми каже кои се тие стратешки нови идеи во оваа власт со која ќе го решава проблемот на младите, а тоа што власта е научена само да гледа во старите станови и во, незнам некои проблеми што ги има тоа не е одговор на прашањето.

**Слободан Најдовски :** Благодарам.

Има збор заменик претседателот на Владата, госпоѓица Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Ако мислите дека е проблем на оваа Влада и на овие министри кога некои поранешни министри, директори, пратеници, советници на министреите добиле станови за 2-3 илјади евра, па дури ни толку. Ако мислите дека тоа е проблем на оваа власт, а не на државата и на нејзините граѓани кога гледа дека таква злоупотреба може да се случи и никого мува да не го лази, бидејќи обезбедила таа власт тоа да биде понекогаш и согласно законот и процедурата, бидејќи така би гласала законите, тогаш дозволете да ви кажам дека не се согласувам. Мислам дека и тоа е проблем и мислам дека сите имаме одговорност за тоа да не се случува. Одговорност имаме сите, становите кои оваа држава ги има до одредена мерка и кои би можела да ги искористи за да олесни некои реални проблеми, тие да им се понудат на младите брачни парови кои ги споменувате во вашето прашање, тогаш мислам разговарме за различмни теми. Меѓутоа, не мислам дека тоа се различни теми. Тие станови можеме и можат да ги употребат за да се решат реални проблеми. Исто како што предходниот кредит Република Македонија го зема за изградба на социјални станови и кои беше апсолутно злоупотребен за изградба на луксузни станови кои никогаш не би можеле да се дадат на располагање под нормални услови на вистинските социјанлни случаеви и на вистинските млади брачни двојки. Тој што е социјален случај дефинитивно не може да купува станови од 100 м2. Меѓутоа целта била да се направат станови за социјалните случаеви и денес тој кредит го плаќаме сите и неможеме да земеме нов кредит, а потоа да се направат станови кои на функционерите им се продаваат надвор од пазарните услови. Тоа е проблем и тоа дефинитивно ја намалува моќта и способноста на Владата подобро да го решава овој проблем. Еден од чекорите кој Владата го презема во овие три дена е да обезбеди таква макроеконимска ситуација во која каматните стапки ќе паѓаат. Тие во изминатите три години се паднати, меѓутоа апсолутно не под нивото кои ни е потребно и кои го посакуваме, за кое има интерес кај станбените кредити. Меѓутоа немојте да очекувате чуда. Оваа држава од 2 милиони луѓе не може да гради стотици станови и наместо да ги намени за тие на кои им се потребни и да им помогне со цените, да им ги дава на функционери, а после четири години да каже заборавете го тоа што сме го згрешиле дајте нови станови да изградиме. Толку се капацитетите. Оваа држава во мометов ги враќа тие кредити и за жал тие кредити не биле наменети да го решат станбениот проблем на граѓаните кои имаат потреба од помош.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следна што ќе поставува прашање е госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Првото прашање е до Министерството за правда и се однесува на Законот за слободен пристп до информации.

На почетокот од оваа година во Собранието го разгледувавме предлогот за донесување на закон за слободен пристап до информациите. Потоа тој отиде на јавна расправа. Беа оргаизирани и голем број трибини од невладиниот сектор на кој беа искажани многу конструктивни забелешки воодноs на овој закон.

Со оглед на тоа што овој закон е од особено значење за развојот на демократските процеси во нашата земја, а е потребен за да можат да се спроведуваат одредени одредби од другите закони кои Собранието ги има донесено во изминатиот период, или пак се во собраниска процедура како што е законот за полиција односно неговиот член 10 и член 120.

Моето прашање е до каде е постапката на овој закон во Министерството за правда и кога ќе имаме можнст да го гледаме во Собранието.

Второто прашање е до министерото за образование и наука.

Голем број на студенти се обратија во мојата канцаларија која е отворена за сите граѓани и ми поставија прашања околу исплатата на студенските стипендии и студенските кредити. Имено, тие кажаа дека во одреден период добиваат пари за неколку месеци однапред, за што немаат забелешка. Меѓутоа нивната забелешка е за оној период кога ги добиваат парите со неколку месеци задоцнување. Знаејќи ја нивната материјална положба и неопходноста на тие пари за нивно школување, сакам да добијам одговор што Министерството за образование и наука работи во тој правец.

Третото прашање беше до Министерството за економија. Но, со оглед на тоа што немаме претставник од Министерството за економија,

нема да го поставам прашањето, а ќе го поставам по писмен пат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Првото прашање беше упатено до Министерстото за правда.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Знаете дека овој закон за пристап до информации одеше во две фази. Првата фаза помина. Втората фаза исто така со тие забелешки што се дадоа и на трибините што беа искажани, некои се прифатени и пред две недели законот отиде во Владата. Бидејќи некои одредби од тој закон се поврзани со уставните амандмани кои наскоро ќе бидат доставени до Собранието и после тоа овој закон ќе дојде во собраниска процедура.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓа Каревска дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставете дополнително прашање.

**Роза Топузова-Каревска:** Немам дополнително прашање. Се надевам дека многу брзо ќе влезе во собраниска процедура.

**Слободан Најдовски :** Благодарам.

Второто прашање беше упатено кон Министерството за образование и наука.

Има збор министерот Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Поврзано со студенскиот стандард имено за кредитите и стипендиите кои што се одвиваат во склоп на оваа политика на Владата ќе ја искористам приликата да кажам дека овој сегмент на нашата политика претрпе некои измени во позитивен правец.Се надевам дека така ќе се чувствуваат и студентите затоа што тоа беше направено во договор и со нив.

Имено, како што знаете, од вкупниот дел на средства за поддржување на високото образование во вид на стипендии и кредити, ние оваа година, освен измените претходни што беа во однос на посоодветно прилагодување на средствата кон правите потреби на студентите, во функција на поддржување на некои факултети каде има помал интерес на студентите, а тоа се природноматематичките и техничките факултети, ние оваа година со одредена политика во конкурсот, ги ублаживме критериумите за овие факултети, а тие се вкупно 10, како мерка, да се поддржат од страна на Буџетот овие профили во високото образование, да овозможиме поголем интерес за овие студиски програми, како што реков техничко-технолошките и природнродно математичките, со што на некој начин овозможуваме една поконзистентна распределба и преку ваква политика на студиските програми кои не секогаш се атрактивни.

Поврзано директно со прашањето, нормално студентите на кои однапред ќе им се исплатат пари тоа причинува некое задоволство. Понекогаш има и некои мали задоцнувања во исплатата, за што можно е да се пдобрат некои состојби, но моментално поради големата работа поврзана со примања на документи и обработка на сите документи поради големата конкуренција и оваа измена што е направедна каде треба и да се поделат документите и врз основа на тие услови, веројатно ќе треба малку повеќе време за да се обработат. Јас гарантирам дека нема да има суштествено задоцнување, ќе се потрудиме тоа добро да го ажурираме и да ја постигнеме целта, да почне благовремено да се поделат и овогодишните кредити и стипендии.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓо Каревска дали имате дополнително прашање.

**Роза топузова-Каревска:** Немам дополнително прашање.

Се надевам дека од реализацијата на она што беше кажано во одговорот, ќе бидат задоволни и студентите за кои беше поставено и ова прашање.

**Слободан Најдовски:** Господинот Блаже Стојаноски е следен за поставувања на прашања. Тој не е тука.

Следна за поставување на пратенички прашања е госпоѓа Назли Даути

Повелете.

**Назлие Даути:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господин потпретседател, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Моето прашање го поставувам до Министерството за внатрешни работи по однос на расветлувањето на случајот и мистериозното изчезнување на претседателот на локалната заедница на селото Радолишта господинот Султан Мемеди.

Веќе поминаа 4 години од денот на неговото затворање, притворање од страна на полицијата. Според 13 сведоци на ова затворање, на ова приведување, Султан Мемеди е однесен во канцелариите на Полицијата во Струга. Таму останал долго време, меѓутоа не сме го виделе кога го имаат тргнато од тие канцеларии.

Во текот на овој четиригодишен период, неколку пати сме контактирале со началникот на Полициската станица во Струга, меѓутоа до сега немаме никаков одговор, иако во текот на последната средба тој ни вети дека во текот на 2-3 месеци оваа ситуација ќе се расветли. Оттогаш немаме никаков одговор.

Затоа се обраќам до Министерството за внатрешни работи, колку е можно во што пократок временски рок да се расветли овој случај, било да е со добар или со лош крај.

Пред да завршам со моето прашање, би сакала да ви кажам дека ова е приведување на господинот Султан Мемди од страна на Македонската полиција и не е киднапирање. Е приведување, затоа што е однесен во канцеларитие на Полицијата во Струга, за што има и сведоци.

Би сакала да ми одговорите во писмена форма. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. И онака ќе се одговори во писмена форам, со оглед на тоа што минситерот за внатрешни работи не е присутен.

Следен за поставување пратеничко прашање, пратеникот Марјан Ѓорчев не е тука.

Никола Апостоловски не е тука.

Господин Жарко Караџоски не е тука.

Господин Александар Флоровски, влегува сега во салата.

Господине Флоровски ќе поставувате пратеничко прашање?

Има збор пратеникот Александар Флоровски, повелете.

**Александар Флоровски:** Сосема случајно влегов, не очекував дека толку бргу ќе завршат пратеничките прашања.

Првото прашање е до потпретседателот на Владата. Тоа е прашање, актуелно и ја бранува Македонската јавност. Тоа е прашањето околу предлогот за името од господинот Нимиц, како посредник иликако медијатор, во контекст, ако можам така да го крстам, драматичниот настап на Претседателот на државата, па одговорот на премиерот и на крај, буквално никој од нас не свати што се случува со името, кој е предлогот, е прифатено нешто, се преговара, не ли се преговара, па се говори за нов предлог од господинот Нимиц, за што сите ние како пратеници, освен она што значи дознавање од медиумите, немаме никакви валидни сознанија.

Да го дефинирам прашањето, за кооперативноста нема да говорам, барем она што успеав да го регистрирам, многу сме кооперативни, само се плашам тоа да не биде на наша сметка и прв пат, можеби во историјата наша ќе однесеме победа над грчката политика, ако може така да се нарече, за што сум посебно заинтересиран, од емотивни причини, ако не од друго. Прашањето е до каде е стигнато прашањето со името? Може да се одговори и во писмена форма, не мора веднаш да ми одговорите, но не поведувајте се од праксата да ги чекаме одговорите на прашањава по 5 или 6 месеци. Ова ми е второ поставување, 6 месеци чекав, никој не ми одговори. Не е ни тоа битно. Значи, првото прашање е околу името на Република Македонија и актуелните состојби, предлогот на Мимиц и сето она што се врти околу самиот предлог.

Втората работа е до Министерството за внатрешни работи, претставник не гледам, се работи за следново:

Нема да кажам ништо ново, нешто извадено од интернет, се работи за тендерот за пасоши, чија висина изнесува 23,400 илјади евра. Значи 23 милиони и 400 илјади евра. Само ќе го прочитам текстот, за едноставно да знаеме што се случува и што ќе се случува понатаму. Ако веќе се стремиме кон Европа, мораме да имаме и европска документација. Според она што овде го пишува, во новинарските кругови, што може да е валидно, можеме да го прифатиме, а можеме да го одбиеме, но верувам дека новинарите се многу поинформирани од нас, па затоа ќе го прочитам целиот текст, што не е многу долг. Некаде, минута-две. Се работи за следното:

Фирмата "Гисеке и Девриент"е избрана да ги прави новите македонски пасоши, поликарбонатни, иако до сега немаат изработуваат таков вид на пасоши, од таков вид на материјал. Текстот понатаму следи дека ја избра таа фирма и Комисијата на МВР соопшти дека тие работат на литванските пасоши со поликарбонаат.

Ова е прашање за експерти. Најверојатно писмено ќе ми се одговори и очекувам писмен одговор во најскоро време, затоа што се работи навистина за голема сума, 23 милиони евра. Понатаму, во текстот се говори, инаку автор на овој текст е господинот Миомир Стевановиќ од А-1 Телевизија, јас само ќе го парафразирам.

Значи, "Гисеке" во овој момент се јавува како систем интегратор на решението на пасошот што моментално е во оптег или во правен сообраќај во Република Литванија. Тоа е изјава на некој си господин Емилио Пришиќ, член на Комисијата за јавни набавки во МВР. Лично човекот не го познавам, не можам да дадам квалификации кој е, што е. Претпоставувам дека не е случајно таму. Верувам дека се поставени експерти по ова прашање.

Понатаму, во текстот вели-всушност, новите литвански пасоши навистина имаат поликарбонат, но не ги прави победникот "Гисеке" кој го доби тендерот во Република Македонија, туку ги изработува "Бундест Друкерај", најверојатно германска фирма е таа, компанија која уште на почетокот на тендерот беше отфрлена поради повисоката цена. Што, според мене може да држи вода, може да не држи. Ако се работи за квалитет, разликата во милион евра или два милиони евра, ќе ги наплатите од граѓаните. Државата нема да биде оштетена, ако се работи навистина за поквалитетна фирма и фирма што има долгогодишна пракса и искуство во овие работи. Правиме европски пасоши што утре нема да ги фалсификуваат. За жал, денешните, македонски ќе ви ги направи секој обичен фалсификатор и во државата, а во Бугарија да не говориме, каде имаат експерти и познати се по таа работа.

Значи, "Гисеке" заедно со уште две фирми во Литванија само го продаде информативниот систем. Пасошите со мал процент на поликарбонат ги печати "Бундест Друкерај". Значи, "Гисеке" печати пасоши, но без поликарбонатни страница и тоа на Хаити, во Монголија во Латвија и сега во Македонија, ако тендерот не се поништи и не се направи нов тендер. Ова можам да го коментирам како трагикомична ситуација, ако местото на Македонија е меѓу Хаити и Монголија, јас не знам како тука станала Латвија, држава што котира

доста високо во овој пост-комунистички период, кога не е под владеење на бившиот Советски Сојуз.

Понатаму вели-претседателот на Комисијата на МВР, господинот Живко Темелковски, исто така не го знам, вели дека нема да ги коментира овие информации, бидејки за тоа се задолжени експертите за технологија. Сега се поставува прашањето дали во таа Комисија, во МВР што ја одбрала дотичната фирма биле стварно експерти или луѓе собрани по одреден кејф, да кажам или луѓе кои се, можеби, најиспраксирани и нема поквалитетни луѓе таму. Во самото Министерство.

Со ова ќе завршам, на крајот, само ќе кажам дека во МВР се размислува да се распише нов тендер поради, најверојатно написите што ги има, а претпоставувам и поради цената што и не е баш ниска, 23 милиони и 400 илјади евра, што преведено во марки е некаде околу 50-тина милиони марки, а во долари не знам, некаде 1:82 доаѓа, па пресметајте колку е тоа. Тоа е второто прашање.

Третото прашање го псотави колешката Ристана Лалчевска околу кокошката од Могила.

Господине Џамбазовски, не растревоживте сите, ја уништивте живината, не знам колку во оваа работа има виситна, не маткавте десетина дена дека ќе стигне кокошката во Лондон, нема да стигне, па се псотавува прашањето дали таа кокошка имала одредени односи со некој петел од некое соседно село, па ...

**Слободан Најдовски:** Ве молам, имате да поставите прашање?

**Александар Флоровски:** Имам, како немам.

**Слободан Најдовски:** Имате уште 20 секунди да го поставите прашањето.

**Александар Флоровски:** Ова, потпретседателе, е толку сериозна работа, а никој не се јави да демантира има ли птичју грип во државата, постои опасност или не постои опасност по населението. Затоа што господинот Џамбазовски рече дека се набавени вакцини за живината, а јас друго ќе го прашам, дали имате набавено вакцина за живите луѓе, што е многу попбитно? Па излезе аферата со Зегин, па се случуваат 300 претумбации.

Сакам едно да ви кажам, излегувајте со валидни, проверени информации. Не дозволувајте да бидете предмет на потсмев, овде во Парламентот и надвор од Парламентот. Се јавуваат 10 души со 10 различни видувања.

Ве прашувам следното, има ли ново жариште во Македонија или не? Постои ли птичји грип или не постои? Имате ли набавено вакцини за живото население или немате набавено вакцини? И уште да не ви бројам Х, Х работи што треба да ви ги набројам, но нема да ви ги набројувам затоа што не сакам да ве изложувам на потсмев и на критика.

Значи, имам три конкретни прашања. Двете можат да бидат одговорени во писмена форма, а вие ако сакате одговорете ми, ако сакате не мора да ми одговорите, затоа што сте дисонантни. Тие кои произведуваат и се бават со живината велат нема птичји грип, а вие како Министерство, за жал и после 10 или 15 денови сеуште немате одговор да одговорите постои ли птичји грип во државата или не постои.

Второто, покруцијално прашање, дали се набавило вакцини за 2 милиони население во Република Македонија?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

По однос на првото прашање ме информираат од Владата дека ќе добиете писмен одговор.

По однос на второто прашање, исто така писмен одговор, со оглед на тоа што не е присутен претставникот на Министерството за внатрешни работи.

По однос на третото прашање, господине Џамбазовски, повелете.

Има збор заменик минситерот, но до колку вие одлучите може и писмено да одговорите.

Повелете господине Џамбазовски.

(Пратеникот Флоровски од место ги повторува прашањата).

Во ред господине Флоровски, прашањето е дефинирано.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Причји грип, официјално, во Македонија нема. Имаше еден сомнителен примерок, што е испратен во референтна лабораторија во Лондон, што е единствено овластена да потврди и да каже дали е тоа птичји грип или се работи за некоја друга болест кај животните. Што значи, во моментов, во Македонија причји грип нема. Сомнежот на еден примерок, тој е испратен во Лондон, очекуваме овие денови да добиеме конечен одговор, да се каже дали е тоа птичји грип или се работи за некоја друга болест.

Што се однесува до вакцинацијата, јас не говорев за вакцинирање на луѓе, тоа не е мој ресор и јас не знам за таа работа. Јас зборувам за вакцинирање на живината. Зборувам за вакцинирање со средства обезбедени од Буџетот, се вакцинираат сите оние кокошки што се чуваат во селските дворови и т.н. се вакцинираат превентивно. Не само поради птичјиот грип, бидејки превентивно се вакцинираат и за чума, и т.н., болести што можат да направат штета.

Ако беа само тие две прашања, јас најкратко и најдирекно одговорив.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Флоровски имате дополнително прашањер?

Има збор пратеникот Флоровски Александар, повелете.

**Александар Флоровски:** Господине Џамбазовски, се разбира дека одговарате за она што е ваш ресор.

Прашањето околу набавката на вакцините за нас, за живите луѓе говорам, се однесува на Министерството за здравство или, поконкретно, до Владата. И вие сте член на Влада.

Прашав, има или нема? Дали ова што го кажувате е јасно дека во Македонија нема птичји грип може да го земеме здраво за готово и да почнеме да конзумираме кокошкино место? Можеме слободно. По препорака ваша да е варено на сто степени, а варењето најмалку 7 до 8 минути. Тоа ли е одговорот?

Друго жариште не постои?

Значи, да се сметаат за валидни информациите.

А, што е тогаш тој циркус што го правите по селата и ги кинете главите на кокошките? Правете го малку со дикат, што би рекол нашиот народ. Ако нема утврдено бактерија, што се тие 15-20 луѓе влетуваат во селото и им ги кинат главите на кокошките, петлите, живината, се што ќе најдат. Лошо делува на сите нас.

Се поставува прашањето дали да се конзумира или не? Во прашање е профит на една поголема групација луѓе кои се бават со таа дејност.

Толку.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор заменик министерот за земјоделие, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Сега веќе имаме поконкретно прашање, бидејки првиот пат кога го псотави прашањето, барем јас не го разбрав така.

Јас реков птичји грип нема, се додека не се потврди резултатот од Лондон, од лабораторијата. Тогаш ќе знаеме со сигурност дали тој примерок е од птричји грип или не. За сега, се додека не се потврди, немаме птичји грип во Македонија.

Што се однесува до угинувањето на животните односно на кокошките во село Могила и некои други села, се работи за друга болест што исто е заразна, а што сметаме дека во тој момент треба да се уништи тој дел на тие кокошки и да се изолира тој дел, бидејки постои опасност од проширување на таа болест. Тоа се пипка, чума, не сум ветеринар, со целиот ризик да го погрешам името на болеста. Значи, не се работи за птичји грип, туку се работи за друга болест што сметаме дека и тие сопственици, се работи за некаде 5 илјади кокошки. Некаде, 4 илјади во Могила и уште во две села имаме такви појави. Тие кокошки ќе бидат, според Законот за здравство, ќе им биде надокнадена штетата на сопствениците на кои им се угинати, па затоа се врши комплетна дезинсекција на тој дел и комплетна изолација на тој дел, за да не ни се прошири таа болест во другите места.

Што се однесува до тоа дали треба да се конзумира кокошкино месо, јајца и т.н., ако се мисли на птичји грип, бидејки нема, нема опасност да се конзумира. Јас не сум хуман лекар да кажувам дали треба да се врие, на колку степени и т.н. Тоа најверојатно Министерството за здравство треба да го прашате. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Тие што ги прочитав не беа тука, сега дојдоа, сега на ред за поставување пратенички прашања е господинот Никола Апостоловски, па потоа господинот Караџоски, господин Ѓорчев, па господин Пејовски, од оние што се пријавени.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине потпретседателе, почитувани членови на Владата, првото рпашање е до Министерството за транспорт и врски, барам писмен одговор.

Во 2003 година и почетокот на 2004 година се почна и се заврши со реконструкција на патниот правец Штип-Кочани. Оваа делница што беше најруинирана е доведена навистина во состојба што нуди безбедност во сообраќајот. Во 2003 година Владата вети дека до 2006 година ќе се продолжи со реконструкција на целиот магистрален правец од Штип до границата со Република Македонија.

Прашањето е дали наредната година Министерството за транспорт и врски планира да продолжи со реконструкција на овој патен правец на делницата село Истибања-Брана Калиманци и делницата Делчево граничен премин со Република Бугарија. Ова е првото прашање и барам писмен одговор.

Второто прашање е до Минситерството за финансии и исто така барам писмен одговор, бидејќи министерот е тука може да се даде и усмен одговор.

Дали Министерството за финансии во Буџетот за 2006 година планира зголемување на финансиските средства во однос на 2005 година на Фондот за патишта во делот за рехабилитација на постојната патна мрежа во Република Македонија. Ова го поставувам од две причини. Првата причина е што сите сме свесни, секој ден патуваме, за состојбата на патната мрежа.

Вториот дел од прашањето е што имам сознанија дека за оваа година средствата за рехабилитација за патната мрежа се намалени за 400 милиони денари.

Третото прашање за кое исто така барам писмен одговор е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Прашањето е, дали територијата на Република Македонија е покриена со доволен број ветеринарни инспектори и доколку не е покриена, што презема Министерството истата, територијата на

Република Македонија да се покрие со ветеринарни инспектори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Пратеникот побара писмено да му се одговори, така што ќе добие писмен одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е упатено до министерот за финансии.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Оваа година средствата за Фондот за патишта, кои само да потсетам се формираат од неколку извори. Еден е нивниот приход од патиштата, другите се меѓународни кредити за кои Македонија зема заем и трети се директните буџетски трансфери од буџетот на Фондот за патишта, кој патем го носи Собранието, а не Владата на Република Македонија, на предлог на Владата. Не е намален за 400 милиони, а за идната година средствата од буџетот кои ги обезбедува Владата за намени за изградба на патишта во оваа фаза на проекција на буџетот, која за триесетина дена ќе дојде и во Парламентот, се предвидени на исто ниво како и минатата година. Меѓутоа, надлежноста на Министерството за финансии запира тука, а за тоа дали ќе се користат за изградба на патишта, за магистрални патишта, за рехабилитација на патишта или за други намени, моите колеги од Министерството за транспорт и врески се ресорно надлежни за тоа. Значи, средствата нема да се намалат, внатрешната структура не е наша надлежност. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Апостоловски дали сте задоволен од одговорот?

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски. Повелете.

**Санде Џамбазовски:** Бидејќи прашањето е дирекно се прашував колкав број на инспектори е потребно и тн., ние писмено ќе одговориме, за да биде одговорот поопширен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување на пратеничко прашање е господинот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Сега, размислувам дали да поставам три прашања или помалку, зависно од она како ќе се мотивирам. Најголем дел од прашањата што мислев да ги поставам, министрите не се тука.

Прво прашање, искрено не знам кого да прашам дали министерот или ресорот за транспорт и врски или финансии, па еве ќе оценат сами које надлежен да одговори на тоа прашање.

Деновиве стана нешто актуелно, обично во Република Македонија секогаш е нешто актуелно ако се крене прашина, и тоа ако се крене и непотребно, прашањето мое се однесува конкретно за Македонија пат, поточно конкретно се однесува за тоа. Дали ресорното Министерство или Министерството за финансии знае, а јас би сакал да добијам одговор, ако може сега, ако не писмено, колку годишно Македонија пат приходува односно собира приход по основ на патарини.

Како потпрашање би било колку од тие средства се за Македонија пат, ова го поставувам како потпрашање во рамките на тоа прашање, каде ги троши тие пари во смисла на тоа дали со тие пари се реновираат патишта, се одржува патна мрежа, со оглед на она што го гледам јас на патиштата не можам да констатирам дека се вложува во тоа. И, како потпрашање дали од тие средства што се собираат по основ на патарина може да се подига плата за вработените во Македонија пат. Не би сакал повеќе да образложувам, јавноста доволно добро тоа го знае.

Второто прашање би го упатил до Министерството за внатрешни работи, иако нема претставник се надевам дека ќе добијам писмен одговор. Мотивацијата за тоа е, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата е тоа што ние како пратеници навистина имаме можност да донесеме еден куп закони, закони со кои што се надеваме дека ќе најдат свои имплементации и дека во рамките на она што значи извршна власт ќе има некој ефект. Од поодамна донесовме Закон за забрана за точење на алкохол на малолетни лица во кафичи, ноќни клубови и тн. Би сакал да го прашам Министеството за внатрешни работи или ако е некое друго министерство понадлежно за таа работа, како овој Закон се имплементира, поточно дали има контроли, во кој степен се тие контроли, што кажуваат тие контроли, колку Законот има ефект односно колку се применува. Затоа што, моите лични сознанија и познавања кои што ги имам како пратеник од поплаките на граѓаните, укажуваат дека тој Закон воопшто не се почитува. Дека освен што стојат опомени истакнати на видно место во тие локали дека е забрането точење на малолетници алкохол и тн. дека не само што се точи, туку тоа е и во изобилие и дека дури тоа се прави во присуство на претставниците на МВР или полицијата како што сега ќе ја ословуваме согласно Законот. Значи, би сакал писмена информација колку овој Закон се спроведува, колку е полицијата присутна на тие места и дали воопшто има некој преземено одговорност, каква е таа одговорност

и тн. Се надевам дека ќе добијам писмен одговор.

Трето прашање до Министерството за образование. Деновиве повеќе граѓани ме замолија да го поставам ова прашање, а тоа е во рамките на она има околу десетина граѓани во Република Македонија кои што согласно членот 96 став 3 од Законот за локална самоуправа беа должни како претставници од подрачните министерства, единици на Министерството за образование, беа должни да бидат преземени согласно тој закон на локалната самоуправа, со оној пакет на децентрализација. До мене има забелешки односно молба да го поставам прашањето што Министерството планира со оглед на тоа што овој член не се почитува, поточно градоначалниците, советниците и тн. до ден денес не им нашле работа и дали треба да завршат како технолошки вишок, односно да останат без работа. Со оглед на тоа што Министерството повторно со тој член има обврска доколку локалната самоуправа не ги преземе дека тоа ќе го стори Министерството за образование и ќе најде некое соодветно работно место. Значи, тие граѓани се интересираат каква ќе биде нивната судбина и дали тие треба да го платат цехот на она што значи децентрализација, па ни криви ни должни да останат без работа. Благгодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Првото прашање упатено до Министерството за транспорт и врски или Министерството за финансии во однос на патарината.

Молам, кој ќе одговори од Владата?

Заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ. Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Добро, веќе неколку пати е одговарано за системот на прибирање на патарини и како подоцна таа наплатена патарина за кои цели се користи. Пред малку министерот за финансии посочи кои се изворите на влезот на финансии во Фондот за патишта Македонија пат. Така што, за конкретните податоци, показатели кои ги побара пратеникот Караџоски, ние сме во можност веќе до наредната седница за пратенички прашања да доставиме податоци за нивото на наплата и за оние останати показатели за кои покажа интерес пратеникот Караџоски.

**Слободан Најдовски:** Тоа значи дека ќе добиете писмен одговор на поставеното прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за внатрешни работи. Рековме дека немаме присутен претствник.

Третото прашање е упатено до Министерството за образование.

Има збор заменик министерот за образование, господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине потпретседателе.

Пратеникот Караџоски е во право, според Законот за локална самоуправа после започнувањето и официјално на децентрализацијата после 1 јули, требаше официјално да бидат преземени и вработените како подрачни советници, подрачни претставници на Министерството за образование и наука во 30 општини. Бидејќи во еден подолг временски период поголем дел од нив не беа преземени, иако според Законот градоначалниците беа обврзани како пакет на преземање на надлежностите заедно со инфраструктурата да го направат тоа, не го направија. Ние согласно со новата систематизација во која што не постојат повеќе такви работни места, советници, подрачни претставници, со оглед на новите околности после децентрализацијата, со трансфер на надлежностите од тие сегменти, постапивме на тој начин што налага Законот за работни односи. Имено, започнавме процедура за прогласување на технолошки вишок и такви писма се испратени до секој советник, подрачен претставник кој што го заземал тоа место. Но, бидејќи имаме и некои морални обврски кон тие луѓе, иако според новите измени на Законот за работни односи треба да се понуди поинаков начин на разрешување на нивниот статус, ние во дирекни разговори и комуникација со нив понудивме, а и во рамките на преговрите со Управниот одбор на Заедницата на единиците на локалната самоуправа, во кој што понудивме тие луѓе бидејќи потекнуваат од образованието да се вратат во образовната мрежа односно понудивме, им понудивме и сеуште понудуваме работни места во наставниот процес како наставници и се обврзавме дека со наше посредништво ќе успееме да најдеме работни места кои што одговараат на нивните квалификации и претходно искуство. Поголем дел од преостанатите 20 веќе е започната процедура да бидат преземени од страна на училиштата, што значи направен е договор на взаемно преземање помеѓу Министерството за образование и училиштата и мислам дека на обострано задоволство, ќе биде реализиран тој дел. Иако, морам да потенцирам без наша вина ја реализираме оваа постапка бидејќи одговорноста е на новите градоначалници, кои по Законот требало да ги преземат овие работници односно државни службеници. Во евентуални судски спорови Министерството не е странка која што треба да биде тужена, бидејќи формално правно и немаме повеќе одговорности после по стапување на Законот на сила и затоа можат да сносат одговорност само градоначалниците. Но, еве ние како знак на добра волја и од хуман аспект се обидовме на тие луѓе да им го разрешиме статусот, со тоа што им понудивме да бидат ангажирани во образованието. Поголем дел од нив се согласија на тоа, одреден дел не се согласува. До колку не се согласува, тогаш ќе се постапи според Законот за работни односи каде што е предвидена постапката за технолошки вишок.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Господине Караџоски дали сте задоволен од одговорот или дополнително ќе поставите прашање?

Има збор пратенкот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Во основа сум задоволен од одговорот, со тоа што еве и јас би упатил еден апел, во онаа најпоследна фаза да се користи технолошкиот вишок и Министерството нека се потруди уште еднаш да изнајде најдобро решение, со тоа што би ги преземало тие луѓе во рамките на образованието. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Ристо Пејоски.

**Ристо Пејоски: Б**лагодарам потпретседателе.

Ќе поставам само едно прашање до Министерството за здравство.

Кон крајот на 2002 година во Република Македонија во Заводот за кардиоваскуларна рехабилитација во Охрид донесен е репариран ангиограф кој што е посовремен и од оној што се употребува на кардиологија во Скопје. Сега сме кон крајот на 2005 година што значи дека овој апарат нераспакуван стои во ресторанот на Центарот на кардиоциркулаторна рехабилитација во Охрид.

Прашувам, со оглед на трендот на овие заболувања за кои овој апарат се користи за дијагностицирање и интервенирање, со оглед и на големиот број на население кое гравитира кон тој центар, што чекаме, да го изеде времето. Инаку, како куриозитет неговата вредност е 1,5 милион долари или да исчезне во некој приватизационен лавиринт. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Пејоски, ќе добиете писмен одговор на прашањето, со оглед на тоа што нема претставник од Министерството за здравство.

Последен за поставување пратенички прашања на денешната седница е господинот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван потпретседателе,ј ас имам три прашања. Првото е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Најнапред до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, првото прашање е во програмата за ветеринарна заштита на ова Министерство, еден од основните би рекол и носечки проекти се превентивната ветеринарна заштита во она што претставува вакцина, земање крв и други примероци од животните и стоката во Република Македонија, што претставува основа за превентива и тука ветеринарните станици кои ќе имаат договор со Министерството и кои што се лиценцирани имаат договор со Управата за ветеринарство, користат одредени финансиски средства. Согласно моите информации од теренот до сега поминати се девет месеци, а средства за извршените работни операции, земање крв и други примероци, вакцина од Министерството не се доделени до ветеринарните станици, па на што се должи таквата небрежност, особено во услови кога еве се соочуваме со една елементарна непогода, за која што исто така би требало и за која што Министерството согласно своите ресорни надлежности одговара.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија. Јас поставив едно прашање пред една година до Министерството за финансии на што се должи започнувањето на процесот на денационализација. Добив одговор дека тој процес, решавањето на оние би рекол запрени случаеви кои што се некаде по објаснување на министерот за финансии, заглавени во Второстепената комисија, што претставува тесно грло, па ја прашувам Владата на Република Македонија што е направено од тој аспект. Тоа го прашувам, затоа што сметам еден од основните проблеми на чекорењето на Република Македонија кон Европската унија е приватната сопственост, а тие се прапочетоците на приватна сопственост и на тие луѓе по насилен пат им била одземена таа приватна сопственост, за сега кога треба да ја добијат назад, Владата на Република Македонија не може тоа да го дозволи.

Заради административни пречки и тесни грла тој процес да биде забавен, зашто тоа Европска унија сигурно преку својот мориторинг тоа го следи.

Моето прашање е што презема Владата, тие случаи што се по жалбена постпка, односно второстепена постапка да бидат разрешувани веднаш и да бидат упатувани на судска разврска на начин како што прилега на современа правна европска држава.

Третото прашање е до Министерството за финансии на Владата на Република Македонија, во врска со користењето на многубројните странски кредитни линии, по разни основи од светски банки, Европската инвестициона банка, разни да речеме кредитни линии под други услови кои што одат во Република Македонија од ИФАТ, од други меѓународни финансиски асоцијации. Дали може да добиеме преглед во писмена форма и со тоа да се запознае целиот македонски парламент, пратениците, каков е процентот на користењето на тие кредитни линии и дали ефикасно ги користиме кредитните средства, или пак заради одредени тесни грла, при користењето на такви финансиски средства имамем проблеми, за кои што можеби, некои кредитни линии не ги користиме доволно. Да ги лоцираме точките каде што се запрени користењата и да најдеме начин како држава навреме да ги користиме тие кредитни линии, затоа што тие кредитни линии ќе дојде време кога треба да плаќаме и да врќаме од платите и да ги плаќаме каматите. Толку, благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Ќе одговори господинот Санде Џамбазовски, заменик министер.

**Санде Џамбазовски:** Сите ветеринарни станици кои што имаат договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопантво за вршење на одредени активности, се разбира, стручни, како што е земање на крв за испитување на одредени болести, вакцинации итн., тие се обврзани да ја завршат работата по законот и за тие завршени активности да бидат потврдени од државниот инспектор за ветеринарство и тие доаѓаат во управата за ветеререрина и по извршената контрола за извршените услуги, тие доаѓаат за исплата во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исплатата на извршените услуги на овие ветеринарни станици тече. Досега е исплатено, не можам во овој момент да кажам за кои станици. Се работи за поголем број станици. Последно беше исплатено пред десетина дена за обележување на крупниот добиток во сите ветеринарни станици. За таа активност е исплатено и сите кои што ја имаат завршено работата ќе им се исплати зависно од работата која што е извршена, се разбира, и контролирана од државните ветеринарни инспектори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Ѓорчев дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе. Моето прашање е многу егзакно. Значи ветеринарните станици за одбележувањето, точно добиваат пари, меѓутоа, за превентивата не добиваат. Ќе кажам конкретно за ветеринарната станица во Кавадарци. Таа цела година има извршено узоркување на примероци и на крв и на други примероци и од друга страна нормално, ги има спроведено сите вакцинации, во делот што претставува регистрирана заштита за животните во Република Македонија, а нема добиено ниту денар. Точно е тоа дека има добиено за одбележување, меѓутоа, за превентивата немаат добиено.

Прашањето ми беше многу коректно и треба коректно да се одговори. Постапка во тек, правиме напори, не. Дали има добиено за превентивата или нема. Ако нема добиено нема. Ако има добиено, во ред е. Не може тоа да биде во ред бидејќи веќе сме 10-ти месец. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има зб ор господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Бидејќи беше конкретно прашањето, ќе биде конкретен и одговорот. За одредени активности е исплатено на ветеринарните станици. Сега во овој момент баш за Кавадарци дали е исплатено, точно не можам да кажам. Меѓутоа, за одредени активности превнтивни зборувам, кои се направени не само за одбележување на животните, туку и превентивните се исплатени. Знам дека не се исплатени за сите работи што се завршени, меѓутоа, дека е дел исплатено, апсолутно сум сигурен дека е исплатено. А доколку, го интересира господинот пратеник точно за Кавадарци дали е исплатено и колку е исплатено ќе го известиме писмено.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање до Владта на Република Македонија. Ќе добиете писмен одговор, онака како што баравте.

Во однос на третото прашање исто баравте писмен одговор меѓутоа, ќе одговори министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Податоците кои господоинот Ѓорчев ги побара, министерот за финансии ги публикува еднаш месечно. И тие се достапни и на веб сајтот и во Билтенот кој месечно излегува и кој до пратеничките групи го дистрибуираме. Ние можеме да го препратиме повторно до господинот Ѓорчев и во Собранието ги има месечно билтените и таму месечно се следи состојбата. Таа е променлива. Ако инсистира ќе му пратиме тоа што веќе го кажав, достапно е тука во Собранието и на целата јавност на веб-сајтот. Значи, не е податок кој не е достапен во јавноста.

**Слободан Најдовски:** Господине Ѓорчев дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Немам дополнително прашање само би сакал еден збирен преглед да ми биде доставен.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, не ве разбрав.

**Марјан Ѓорчев:** Мислам да се одговори писмено со еден збирен табеларен преглед, која година колку се задолжила Република Македонија, како се користени и процентот на користени кредити, формално сите кредитни линии. Тоа би бил одговор кој што би бил прегледен за сите пратеници.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине министре сесогласувате или сакате сег усмено да одговорите.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Сега дали поради проблемот со фонијата во салата мислам дека прашањата се дополни по години. Нека се кажат и кои години, зашто по години не знам за кои години. што значи од кој година.

**Слободан Најдовски:** Еве ќе го прекршиме деловникот да се разјасните.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Ние како држава нормално, независно од Владина постава имаме континуитет во користење на кредитни линии.

Моето прашање е во делот на она што претставува странска кредитна линија по разни основи, кои што ги користиме сега, независно во која година биле склучени тие кредитни аранжмани. Бидејќи има склучено аранжмани на пример ИФАТ склучен е 1996, па кредитен аранжман ИФАТ 2000 година, независно од тоа каква е состојбата на кредитните линии сега. Да речеме таа кредитна линија на ИФАТ1 не е искористена. Јас на пример како поранешен претставник во Владина институција знам дека тогаш не е искористена, а каква е состојбата сега, или каква е состојбата сега со ИФАТ 2, каква е состојбата на пример со некои кредитни линии од Светска банка, за која што постојат проекти склучени можеби 1995-1998 - 2000. Едноставно, мене ме интересира процентот и ефикасноста на користењето на македонските институции кои што ги земале кредитните линии, во каков процент се искористени и имаат ли полза граѓаните на Република Македонија. Да констатирам дали ние ги користиме правовремено кредитните линии, или со години од икс причини да ги откриеме причините зошто не се искористени. Тука е одговорот. Јас сметам на пример дека ефикасноста на ккористењето е мала. Тоа беше целата на оваа информација. Министерството за финансии има мточно прегледност за која кредитна линија каков е процентот на искористеност и уште колку време таа кредитна линија треба да се користи.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Ние ќе го доставиме тој преглед. Достапен е во секој момент. За оние кои ги повлекуваат, ако добро разбрав, зашто не е доволно прецизно прашањето, ќе се обидам да го формулирам. Господинот Ѓорчев се надевам дека нема да го сфати тоа погрешно за да знаеме што ќе доставиме. Кредитни линии кои се земени и кои се уште ги влече Република Македонија и кои не се наменети за Република Македонија, туку за приватниот сектор за кој ние имаме издадено гаранции, ако земал некој или заем кој е пласиран преку деловните банки. За што има кредитни линии кои што ги користиме во целосен износ во истиот момент. На пример, дозволете да го информирам Собранието и јавноста дека пред 30-тина м инути Бордот на Светска банка го одобри новиот аранжман за Македонија, и дека тој аранжман во оваа фискална година е 30 милиони долари и тие се повлекуваат веднаш. Тука нема период на повлекување. А ќе се затвори кога ќе се врати целосно. Ама за тоа пак има 17 години. Така што, за да бидеме прецизни, мислам дека и господинот Ѓорчев тоа го мисли. Оние кои се повлечени, кои служат за кредитирање на население и приватни компании и кои се пласираат преку деловните банки, каков е статусот на салдото на неповлечени средства во овој момент. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Тука ја завршуваме денешната седница.

Ја заклучувам 112 седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за присуството.

Утре ја продолжуваме седницата што ја прекинавме вчера.

(Седницата заврши во 17,00 часот.)